ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:**18-124/7

**Дата:** 25.12.2012

**ДО**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст АЦВ), за 2011 година.

Со ревизијата на превземени мерки, спроведена во 2010 година, се утврди дека најголем дел од дадените препораки од претходната ревизија за 2008 година се имплементирани, а само една препорака не е спроведена.

Со ревизијата за 2008 година за финансиските извештаи искажано е негативно мислење, додека за законското и наменското користење на средствата во финансиските трансакции искажано е мислење со резерва.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2011 година, додека активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АЦВ за 2011 година е констатирано следното:

- Не се обезбедени објективни услови за почитување и спроведување на донесените процедури и постапки од аспект на финансиска контрола во сите организациони единици и на сите нивоа, со што би се намалил ризикот при управувањето со јавните средства. (точка 4.1.1, 4.1.2 и 4.1.3);
- АЦВ нема основано одделение за внатрешна ревизија со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола

поради што постои ризик управувањето со јавните средства да не е согласно законската регулатива (точка 4.1.4);

- Не се обезбедени услови за навремено спроведување на постапката за стекнување на инспекторско овластување и замена на времените решенија за инспекторски овластувања, и не се издадени службени легитимации за овластените воздухопловни инспектори (точка 4.2.1);
- Не се води евиденција на материјалите и ситниот инвентар, и не е извршен попис на материјали, ситен инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските, со состојба на 31.12.2011 година, согласно законските прописи (точка 4.2.2, 4.2.3 и 4.2.4);
- Не се врши редовно фактурирање и наплата на надоместоците од подносителите на барањата согласно начинот пропишан во Внатрешната процедура и упатството за негова примена, донесени на база на Тарифникот и Законот за воздухопловство, и не се врши усогласување на побарувањата по пат на меѓусебно конфирмирање со корисниците на услугите најмалку еднаш годишно на крајот на секој пресметковен период (точка 4.3.1);
- Фактурите за пресметани надоместоци од областа на аеродроми и аеродромски услуги, согласно Тарифникот, донесен на 16.02.2011 година, на операторот на аеродроми, не се наплатени пред поднесување на барањето односно пред да му се издаде уверението како што е уредено со Внатрешната процедура и упатството за примена (точка 4.3.2);
- Евидентирани се побарувања за дадени аванси, побарувања од поврзани друштва и побарувања од државата и другите институции, од минати години, кои не биле предмет на разгледување со Делбениот биланс во 2009 година и не се опфатени со Спогодбата за регулирање на права и обврски со М-НАВ, од 29.08.2011 година, без проверка и обезбедување на соодветни и компетентни докази за нивното постоење односно можност за нивна наплата во идниот период (точка 4.3.3, 4.3.5 и 4.3.7);
- Не е извршено сведување на побарувањата од Еуроконтрол на реални побарувања во висина од 4.312% со 31.12.2011 година односно `сеуште овие побарувања се искажуваат во цел износ, а кое што требало да се направи со поделбата на приходите од прелети помеѓу двата субјекта М-НАВ и АЦВ, согласно Договорот, склучен во 2010 година (точка 4.3.4).
- За дел од сомнителните и спорни побарувања за кои во минатите години се водени постапки пред надлежен суд (пред издвојувањето на М-НАВ од АЦВ, во јуни 2009 година) и за кои се добиени правосилни и извршни одлуки со пресуда во корист на АЦВ, поднесени се барања до извршител, заради наплата на истите, меѓутоа, поради стечај или ликвидација на одделни фирми, побарувањата неможе да се наплатат, а истите `сеуште се водат во сметководствената евиденција (точка 4.3.6).
- Исплатени се награди на вработените од нето добивката остварена со годишната сметка за 2010 година, во вид на дивиденда, и исплатени се плати

во полн износ наместо 80% од истата, на лица кои немаат решение за инспекторско овластување, спротивно на законските прописи, а за неправилно исплатениот воздухопловен додаток од претходната година не е донесена одлука за враќање на средствата од вработените (точка 4.4.1, 4.4.2 и 4.4.3).

Со цел подобрување на состојбата во АЦВ, ревизијата даде препораки во насока на преземање активности со цел усогласување на работењето на агенцијата согласно законските прописи и обезбедување услови за навремено спроведување на постапката за стекнување на инспекторско овластување и издавање на службени легитимации за овластените воздухопловни инспектори. При фактурирањето и наплатата на надоместоците од подносителите на барањата целосно да се почитува начинот и пресметката утврдени со Внатрешната процедура и упатството, донесени на база на Тарифникот и Законот за воздухопловство, да се врши попис на побарувањата од купувачите во земјата и странство, како и по друг основ, согласно законските прописи. За побарувањата кои потекнуваат од минати години, а кои не се опфатени со Делбениот биланс, ниту со Спогодбата со давателот на услуги на воздухопловна навигација во 2011 година, да се обезбедат соодветни и компетентни докази за нивното постоење заради правилно постапување и соодветно книжење во деловните книги во наредниот период. Со цел да се намали ризикот и управувањето со јавните средства да се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин, ревизијата препорачува да се основа одделението за внатрешна ревизија и да се обезбедат објективни услови за финансиска контрола.

Во поглавјето за нагласување на прашања за неизвесност или континуитет, точка 6 од овој Извештај, ревизијата ги обелодени состојбите во врска со:

- Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2011 година на АЦВ се изготвени со примена на принципот на пресметковна основа уредено со законските прописи и подзаконски акти за трговски друштва за што ревизијата препорачува да се превземат мерки за водење на сметководството согласно законските и подзаконските акти за непрофитни организации, имајќи во предвид дека АЦВ е независно регулаторно тело со јавни овластувања;

- Промената на начинот и изворите на финансирање на АЦВ, врз основа на донесениот Тарифник, кој е во примена од 01.01.2012 година, со кој драстично се намалуваат и менуваат видот и висината на надоместоците, и измената и дополнувањето на Законот за воздухопловство, во јуни 2012 година и со кој се додава нов извор на финансирање. Истиот се однесува на можноста за

финансирање на АЦВ од концесискиот надоместок за користење на аеродромите, без конкретно прецизирање на висината и постојаноста на истиот, со примена од 1.01.2013 година, што може да предизвика намален приход доколку не се изврши балансирање на приходите и расходите преку преземање на соодветни мерки и активности кои ќе влијаат на зголемување на приходите или намалување/корекција на расходите во наредниот период.

- Извршено намалување на побарувањата од надоместоците за 2011 година на операторот на аеродромите, врз основа на клаузула од концесискиот договор и заклучок од Владата на РМ.

- Тековни судски предмети и управни постапки што се водат пред надлежните судови, во кои АЦВ е тужител или тужена странка, за кои конечниот исход од истите не е познат, а можат да имаат влијание врз финансискиот резултат во наредниот период.

На Нацрт извештајот примени се забелешки од одговорното лице на АЦВ кои од овластениот државен ревизор не се прифатени. Доставените забелешки не содржат елементи за промена на утврдените состојби.

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 30 до 33 заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство (во понатамошниот текст АЦВ ) кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември (Извештај за финансиската состојба), Биланс на успех за годината која завршува со тој датум (Извештај за добивка или загуба), Преглед на промените на капиталот и резервите за 2011 година, Извештај за паричниот тек, применетите сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Извршена е ревизија за 2008 година и е издаден извештај за финансиските извештаи на АЦВ, пред поделбата и издвојувањето на давателот на услуги на воздухопловна навигација, во кој не е изразено мислење за финансиските извештаи, а изразено е мислење со резерва за законското и наменско користење на финансиските трансакции за 2008 година. Не е вршена ревизија на финансиските извештаи на АЦВ, по поделбата и по промената на статусот од самостоен орган на државна управа во независно регулаторно тело со јавни овластувања, односно не е вршена ревизија за годината која `и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- д-р Дејан Мојсоски - директор на АЦВ.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки коишто се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на АЦВ се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност. Поради прашањата опишани во делогруг на ревизијата –ревизорски постапки ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1 Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2 Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз годишната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3 Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Субјектот поради објективни причини не обезбедил услови за почитување и спроведување на веќе донесените пишани процедури од аспект на финансиска контрола, не се води евиденција и не е извршен попис на материјалите и ситниот инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските, со состојба на 31.12.2011 година, согласно законските прописи, не се врши редовно фактурирање и наплата на надоместоците од подносителите на барањата согласно начинот пропишан во Внатрешната процедура и

упатството, донесени на база на Тарифникот и Законот за воздухопловство, не е извршено сведување на побарувањата од Еуроконтрол, на реални побарувања во висина од 4.312% со 31.12.2011 година, односно `сеуште овие побарувања се искажуваат во цел износ, евидентирани се побарувања по различни основи од минати години, без проверка и обезбедување на соодветни и компетентни докази за нивното постоење, и во деловните книги `сеуште се водат ненаплатени побарувања од фирми, за кои се поведени стечајни постапки или се во ликвидација, и чија наплата не е во можност да се изврши. Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за финансиските извештаи за 2011 година.
Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 21.05. до 25.09.2012 година, со прекин во периодот на користење на годишните одмори, кај АЦВ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Во февруари 2010 година извршена е ревизија на спроведување на препораките презентирани во Конечниот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Агенцијата за цивилно воздухопловство, пред Делбениот биланс и издвојувањето на давателот на услуги на возухопловна навигација од Агенцијата, во јуни 2009 година, изготвен е Преглед број 08-29/4 од 12.02.2010 година, за статусот на препораките, доставен до раководителот на субјектот.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки констатирано е дека 16 препораки се спроведени, а 1 препорака не е спроведена.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 03.10.2012 година.
На ден 24.11.2012 година под архивски број 18-124/6, примени се забелешки на Нацрт извештајот од одговорното лице.
Забелешките се разгледани од овластениот државен ревизор и истите не се прифатени од причина што не содржат елементи за промена на утврдените состојби. Доставените забелешки и информации, ревизијата ги имаше во предвид при вршењето на ревизијата а дел од истите претставуваат известување за причините за утврдените состојби. За точката 4.4.3. одговорното лице на АЦВ извести дека е формирана комисија за корегирање на недостатоците, поради што овластениот државен ревизор за овој наод не дава препорака.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот и одговорот на забелешките на овластениот државен ревизор претставуваат интегрален дел на Конечниот извештај.

### 4.1 Интерни контроли

4.1.1 При оцена на системот на интерни контроли ревизијата констатира дека во АЦВ не се обезбедени објективни услови за почитување и спроведување на донесените процедури и постапки од аспект на финансиска контрола согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, поради непополнети работни места во единицата за финансиски прашања, со што не е постапено согласно член 9-д став 2 од Законот за воздухопловство[1].
Во 2011 година, и оние работни места кои биле пополнети се испразнети, поради заминување од агенцијата или поради мирување на работното место за подолг период од оправдани причини. Не е назначен шеф на единицата за финансиски прашања од март 2011 година, поради што директорот има донесено решение со кое е задолжено лицето - координатор за прелети и советник (инспектор) за економски надзор за навигација, да биде одговорен за целокупното финансиско управување и контрола во АЦВ. Во единицата за финансиски прашања ангажирано е едно лице за вршење на сметководствени работи со договор за волонтери, а за изработка на годишната сметка за 2011 година ангажирана е надворешна фирма за консултантски услуги.

Поради необезбеден соодветен систем на финансиски менаџмент и контрола постои ризик од погрешно прикажување на податоците во трговските книги и финансиските извештаи, како и ризик од неправилности и недоследности во примена на законските прописи од одговорните лица.
Во текот на 2012 година извршена е промена и назначување на вработено лице, од советник за финансиско сметководствени работи во внатрешен ревизор, а на ова работно место вработено е ново лице.

**Препорака**
Директорот на АЦВ да обезбеди стручен и професионален кадар во единицата за финансиски прашања согласно систематизацијата на работните места со што ќе се обезбеди почитување и спроведување на донесените процедури и постапки во работењето во сите организациони единици и на сите нивоа.

---

[1] Согласно член 9- д став 2 од Законот за воздухопловство („Службен весник на РМ„ бр.14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/12 и 80/12) , „Директорот на Агенцијата е должен да воспостави внатрешна контрола преку имплементација на соодветен систем на финансиски менаџмент и контрола и внатрешна ревизија согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола„

4.1.2 Кај приходите остварени во 2011 година во вкупен износ од 12.784 илјади денари, по основ на пресметани и наплатени надоместоци согласно Тарифникот, од областа на пловидбеност и регистар, летачка оператива, испити, дозволи и воздухопловна медицина и користење на инфраструктура, како и надоместок за користење на полетно-слетната патека согласно Законот за воздухопловство, се констатира дека не е обезбеден целосен и соодветен систем на интерни контроли на начин пропишан со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, што не е во согласност со член 9-д став 2 од Законот за воздухопловство. Имено, со ревизијата констатирани се одредени слабости во процесот на пресметување и наплата на надоместоците, и тоа:

- Во АЦВ нема назначено лице за проверка на висината и основот за наплата на надоместок согласно Тарифникот, како и проверка дали пресметаниот надоместок правилно е внесен во фактурата.
- во одделни извештаи за спроведена постапка од одделенијата не се приложени сите документи кои се потребни од аспект на потврда на висината на надоместокот и не се наведени попрецизно сите одредби – членови врз основа на кои е пресметан надоместокот, имајќи предвид дека за одделни надоместоци пресметката е сложена.
- нема извршена контрола на внесените податоци во извештајот согласно документите кои треба да се во прилог и врз основа на кои треба да се потврди износот на надоместокот, како и нема контрола на внесениот податок во фактурата врз основа на извештајот.
- дел од извештаите од спроведена постапка се некомплетни односно го немаат наведено основот за уплата со повикување на член од Тарифникот, а кај дел од фактурите не се приложени извештаи за спроведена постапка од одделението.
- нема извршена контрола на внесените податоци во извештајот согласно документите кои се доставуваат од операторот за управување со аеродромите во Скопје и Охрид од страна на лице – контролор и врз основа на кои треба да се потврди износот на пресметаниот надоместок во извештајот, како и нема контрола на внесениот податок во фактурата врз основа на извештајот.

По барање на ревизијата кај избраниот примерок, документите се доставени дополнително и усмено се дадени образложенија од одговорните лица за пресметката на надоместоците согласно Тарифникот.

Поради горенаведените состојби, односно невоспоставена целосна интерна контрола постои ризик од погрешно пресметување и искажување на приходите во трговските книги и финансиските извештаи за 2011 година.

**Препорака**

Директорот на АЦВ да воспостави организациска структура и процедури со кои ќе се обезбеди целосно спроведување на интерните контроли при пресметка на приходот од надоместоци утврдени со Тарифникот и Законот за воздухопловство.

4.1.3 Приходот остварен од надоместоци за прелети во 2011 година во вкупен износ од 29.204 илјади денари, кој во име и за сметка на РМ ги фактурира и наплатува Европската организација за воздухопловна безбедност – Еуроконтрол, Брисел, се евидентира врз основа на месечни прегледи добиени од наведената организација, примени по електронски пат и евидентирани во сметководството, без притоа да се обезбеди прием преку архивата на АЦВ, кое што е предвидено и со донесената Процедура за примена на регулативи и постапка за наплата на приходи од прелети од Еуроконтрол, Брисел, од 26.03.2010 година. Поради ваквиот начин на работење не е постапено согласно член 9 од Уредбата за канцелариско работење.

Исто така, не е приложена комплетна и уредна документација за потврда на основот и износите во збирните месечни прегледи поради што не е обезбеден соодветен систем на внатрешна сметководствена контрола и не е обезбедена контрола на внесените вредносни показатели од одговорното лице или лице овластено од него, што не е во согласност со одредбите од Законот за јавната внатрешна контрола и член 9-д став 2 од Законот за воздухопловство. Поради наведеното постои ризик од неправилно искажан приход во трговските книги и во финансиските извештаи.

**Препорака**

Директорот на АЦВ да воспостави организациска структура и процедури со кои ќе се обезбеди целосно спроведување на интерните контроли при пресметка на приходот од прелети.

4.1.4 Во АЦВ нема основано одделение за внатрешна ревизија што не е во согласност со член 30 став 2 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола и член 9-д став 2 од Законот за воздухопловство, поради што на раководителот на субјектот не му е обезбедено независно, објективно уверување и совет, со цел подобрување на работењето и зголемување на ефективноста на внатрешна контрола. Поради наведеното постои ризик управувањето со јавните средства да не се врши на законски, економичен, ефикасен и ефективен начин.

Во текот на 2012 година, со прераспоредувањето на лицето од единицата за финансиски прашања во внатрешен ревизор, пополнето е едно работно место од вкупно 3 систематизирани работни места во ова одделение.

**Препорака**

Директорот на АЦВ да основа одделение за внатрешна ревизија со цел подобрување на работењето на субјектот и зголемување на ефективноста на внатрешната контрола.

## 4.2 Усогласеност со закони и прописи

4.2.1 Согласно член 9 став 1 алинеа 12 и член 181 од Законот за воздухопловство, директорот има надлежност да назначува воздухопловни инспектори. Во декември 2011 година донесени се решенија за инспекторско овластување како времени решенија, врз основа на член 30 од Правилникот за систематизација на работните места, од 1 март 2011 година, со обврска лицето да ги исполни условите за работа после вработување, предвидени со Правилникот, во постапка предвидена во Процедурата за начинот и постапката за стекнување на инспекторско овластување, од 20.07.2011 година, најдоцна во рок од две години од денот на донесување на решението. Со доцнењето во донесување на поединечните решенија се продолжува и рокот за исполнување на условите предвидени со Процедурата.

Според член 186 став 1 од Законот, при вршење на инспекциски работи, инспекторот мора да има службена легитимација со која се утврдува неговото својство и овластување. До денот на ревизија не се издадени службени легитимации на овластените инспектори, иако согласно член 186 став 2 од Законот, донесен е Правилник за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање и одземање на службена легитимација на воздухопловен инспектор, кој е во важност од февруари 2009 година.

Во март 2012 година и дополнение во април 2012 година, на база на донесени решенија за инспекторско овластување од директорот на АЦВ, доставено е известување до Одделението за дозволи и воздухопловна медицина – Сектор за безбедност и сигурност на воздушниот сообраќај за потребата од издавање на службени легитимации на 13 лица. Меѓутоа, до денот на ревизија `сеуште не се издадени службени легитимации.

Резултатот од недонесување на службени легитимации за овластените инспектори е необезбедување на идентификација на лицата – овластени воздухопловни инспектори, при вршењето на инспекциските работи пред физичките и правни лица, чиишто персонал и средства односно работа подлежат на инспекциски надзор.

**Препорака**

Директорот и стручните служби во АЦВ да обезбедат услови за навремено спроведување на постапката за стекнување на инспекторско овластување и замена на времените решенија за инспекторски овластувања во рокот предвиден со Процедурата, од јули 2011 година, и да се преземат активности за издавање на службени легитимации за овластените воздухопловни инспектори.

4.2.2 Во АЦВ не е извршен попис на паричните средства во благајните и попис на побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2011 година на начин предвиден во член 12 и 13 од Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба, односно не е утврдена состојбата на средствата со броење во апоени во посебни пописни листи, а кај побарувањата и обврските преку проверка и потврдување на реалноста на искажаните износи и причините за ненавремена наплата односно исплата. Ваквиот начин на работење не е во согласност со член 473 од Законот за трговски друштва, и може да има влијание на објективноста и реалноста на вредноста на паричните средства и побарувањата и обврските во Билансот на состојба со 31.12.2011 година.

**Препорака**

Пописните комисии задолжени за попис на парични средства и побарувања и обврски да го вршат пописот на начин пропишан согласно законските прописи.

4.2.3 Не е извршен попис на материјалите на залиха кои што, според книговодствената состојба на 31.12.2011 година, изнесуваат 773 илјади денари. АЦВ не води материјална евиденција на залихите преку магацин со задолжување на лице-магационер. Програмот за материјално книговодство не е ставен во функција. Ваквиот начин на работење не е во согласност со согласност со Правилникот за водење сметководство - МСС 2 и член 471, 472 и 473 од Законот за трговски друштва, што може да има влијание на објективноста и реалноста на вредноста на залихите во Билансот на состојба со 31.12.2011 година.

**Препорака**

Директорот на АЦВ и единицата за финансиски прашања да преземат активности за воведување на сметководствена и материјална евиденција на материјалите на залиха согласно законските прописи.

4.2.4 АЦВ не води евиденција (сметководствена и материјална) на набавениот ситен инвентар, амбалажа и автогуми на залиха и во употреба, преку соодветните конта во рамките на позицијата Залихи на ситниот инвентар, амбалажа и автогуми, поради што неможе да се врши усогласување на книговодствена состојба со фактичката состојба утврдена со попис, со 31.12.2011 година.

Книгата на постојаните средства која што е воведена во електронска форма во 2010 година, не е ажурирана и не се внесени деловните промени во 2011

година поради што и неможе да се врши споредба на овие податоци со податоците во сметководствената евиденција.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство - МСС 2 и МСС 16 и член 471, 472 и 473 од Законот за трговски друштва, и има влијание на објективноста и реалноста на вредноста на залихите и постојаните средства во Билансот на состојба со 31.12.2011 година.

**Препорака**

Директорот на АЦВ и единицата за финансиски прашања да преземат активности за воведување на сметководствена и материјална евиденција на ситен инвентар, амбалажа и автогуми на залиха и во употреба и ажурирање на книгата на основни средства, согласно законските прописи.

## 4.3 Финансиски извештаи

**Биланс на успех**

4.3.1 При пресметката и наплатата на приходот од надоместоци во вкупен износ од 12.784 илјади денари, согласно Тарифникот за утврдување на висината на надоместоците на АЦВ, Внатрешната процедура за начинот на пресметка и наплата на надоместоците утврдени во Тарифникот и упатството за примена, се констатирани следните недоследности:

- При издавањето, продолжувањето и обнова на дозволи и уверенија, овластувања и авторизации, согласно одредбите во глава 2 од Тарифникот, по доставени барања од М-НАВ и од други субјекти како подносители на барања, не се почитува начинот на пресметка и наплата на надоместоците како што е пропишано во точка 2 од Внатрешната процедура, од февруари 2011 година. Имено, овие надоместоци, не се наплатени при поднесување на барањето, без оглед на исходот на управната постапка, како што е уредено со Внатрешната процедура и упатството за примена, што не е во согласност со член 62 од Тарифникот и член 9-д став 1 алинеја 3 и 12 од Законот за воздухопловство, и има за ефект помалку наплатен приход од извршена услуга. Дел од субјектите ненавремено извршиле уплата на надоместоците, а дел воопшто не го измириле долгот према АЦВ до денот на ревизија.

- За субјектите кои ненавремено го платиле долгот АЦВ не пресметува камата за задоцнето плаќање, а за субјектите кои не го платиле надоместокот АЦВ нема поднесено тужба пред надлежен суд, со што постои ризик од застарување на побарувањата согласно Законот за облигационите односи и неможност за нивна наплата, а со тоа и помалку остварени приходи.

- Не се евидентирани побарувања и не е искажан приход за извршени услуги по основ на издавање, продолжување, измена и обнова на дозволи и уверенија, овластувања и авторизации, за што се спроведени постапки во надлежните одделенија по доставените барања од страна на М-НАВ и за кои се издадени профактури до М-НАВ во текот на 2011 година за пресметани надоместоци во вкупен износ од 1.292 илјади денари, кои се наплатени во март 2012 година. Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство - МСС 1 и МСС 18 и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва, што има за ефект нереално и необјективно презентирање на приходите во трговските книги и ФИ за 2011 година.
- Не е евидентиран приход за пресметани и наплатени надоместоци за извршени услуги на баратели – корисници на услуги во вкупен износ од 285 илјади денари со 31.12.2011 година поради неиздадени фактури за извршена и наплатена услуга.
- АЦВ не врши усогласување на побарувањата со корисниците на услуги еднаш годишно на крајот на пресметковниот период, а посебно е значајно тоа што не е извршено усогласување на побарувањата со давателот на услуги на воздухопловната навигација (М-НАВ) и операторот на аеродромите (ТАВ) со 31.12.2011 година. На испратените конфирмации во текот на ревизијата добиен е повратен одговор само од М-НАВ врз основа на која е утврдена разлика од 1.012 илјади денари.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и МСС 18, и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва, што има за ефект нереално и необјективно презентирање на побарувањата и приходите во трговските книги и финансиските извештаи за 2011 година. Исто така, овој начин на фактурирање и евидентирање на приходите, предизвикува дел од корисниците да бидат ставени во нерамноправна положба во однос на оние на кои им е дозволено да неплатат или ненавремено да извршат плаќање на надоместоците.

**Препораки:**

Директорот на АЦВ, заедно со секторите и одделенијата задолжени за пресметувањето и наплатата на побарувањата по основ на надоместоци согласно Тарифникот и Законот за воздухопловство, да преземат соодветни мерки и активности, и тоа:

- Лицата задолжени за пресметка и наплата на надоместоците по доставени барања од субјектите да ги почитуваат целосно донесените пишани процедури и постапки, како и законските прописи и подзаконски акти.
- Да се врши редовно фактурирање и наплата на надоместоците од подносителите на барањата согласно начинот пропишан во Внатрешната

процедура и упатството за негова примена, донесени на база на Тарифникот и Законот за воздухопловство.

- Да се врши пресметка на камата во случаите на ненавремено плаќање на обврските од страна на корисникот, согласно Законот за облигационите односи.
- Редовно и навремено да се преземат мерки за наплата на побарувањата од субјектите кои не го измириле долгот согласно законските прописи.
- Да се врши усогласување на побарувањата по пат на меѓусебно конфирмирање со корисниците на услугите, најмалку еднаш годишно на крајот на секој пресметковен период.

**Биланс на состојба**

4.3.2 Во трговските книги со состојба на 31.12.2011 година, во рамките на позицијата побарувања од купувачи искажано е салдо од операторот на аеродроми во вкупен износ од 11.491 илјади денари, кое што во текот на 2012 година е намалено на износ од 741 илјади денари, при што најголемиот дел се однесува на извршената корекција - намалување на побарувањата по основ на издадени уверенија за работа на аеродромите во Скопје и Охрид и надоместокот за континуиран надзор на овие уверенија.

Во текот на 2011 година издадени се фактури врз основа на пресметани надоместоци од областа на аеродроми и аеродромски услуги, и тоа: надоместок за уверение согласно член 18 став 1 од Тарифникот, донесен на 16.02.2011 година, во поединечен износ од 50.000 евра и надоместок за континуиран надзор согласно член 52 став 1 од Тарифникот (30% од висината на годишниот надоместок за издавање на уверение односно 1.250 евра). Истите не се наплатени пред поднесување на барањето односно пред да му се издаде уверението како што е уредено со точките 2 и 3 од Внатрешната процедура и упатството за примена, што не е во согласност со член 62 од Тарифникот и член 9-д став 1 алинеја 3 и член 12 од Законот за воздухопловство, и има за ефект помалку наплатен приход од извршена услуга.

Во 2012 година извршено е намалување на побарувањата од операторот на аеродроми по претходно наведените основи од 10.917 илјади денари на износ од 123 илјади денари, односно извршено е сторно на побарувањата по фактурите од 2011 година и спроведено е книжење на фактури по нови пресметки согласно Тарифник донесен на 28.12.2011 година, кој е во примена од 01.01.2012 година.

**Препорака**

Одговорните лица, при пресметката и наплатата на надоместоците утврдени во Тарифникот, по доставените барања од субјектите, да го применуваат начинот на пресметка и наплата на надоместоците, согласно Внатрешната процедура и упатството за негова примена.

4.3.3 Во трговските книги со состојба на 31.12.2011 година, во рамките на позицијата побарувања од купувачи евидентирани се побарувања од три домашни правни лица во вкупен износ од 3.291 илјади денари, кои потекнуваат од минати години. Побарувањата од двата субјекта во вкупен износ од 962 илјади денари се искажани како пренесени состојби со Делбениот биланс во јуни 2009 година, а побарувањето во износ од 2.329 илјади денари е евидентирано во 2010 година, и искажано во годишната сметка за период од 01.01. до 14.10.2010 година, врз основа на пријава на стечајното побарување по отворена стечајна постапка над должникот со дата од 23.10.2001 година и прилог на документи за исплатен аванс по договор во 2001 година.

На ревизијата не`и беше презентирана соодветна документација за побарувањата во износ од 962 илјади денари заради утврдување на основот и истите не се вклучени во Спогодбата за регулирање на права и обврски помеѓу АЦВ и М-НАВ, потпишана во 2011 година. Со извршен увид во судските и управните постапки што АЦВ ги води пред надлежните институции, се констатира дека АЦВ нема поднесено тужба, со што постои ризик од застарување на побарувањата согласно Законот за облигационите односи и неможност за нивна наплата, а со тоа и неостварен приход од работењето на АЦВ.

Со испратените конфирмации од страна на ревизијата до субјектите кои должат на АЦВ, не е извршено потврдување на побарувањата односно од субјектот чиј долг изнесува 380 илјади денари добиен е одговор кој не го потврдува долгот, од субјектот чиј долг изнесува 582 илјади денари не е добиен повратен одговор и од третиот субјект чиј долг изнесува 2.329 илјади денари, конфирмацијата е вратена по пошта како непозната адреса.

Претходно наведеното не обезбедува потврда на искажаната сметководствена вредност на побарувањата што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство (МСС и МСФИ) и член 469 став 6 од Законот за трговските друштва и има влијание на објективноста и реалноста на искажаните побарувања во Билансот на состојба.

**Препораки:**

Одговорните лица во АЦВ да преземат активности за корегирање на состојбите искажани од минати години, и тоа:

- Да се утврди основот за побарувањата од субјектите во вкупен износ од 962 илјади денари, во соработка и консултација со М-НАВ, од аспект на реалноста и објективноста на истото, заради правилно постапување и соодветно книжење во трговските книги во наредниот период.
- Да се обезбеди документ за завршената стечајна постапка за побарувањето во износ од 2.329 илјади денари заради правилно постапување и соодветно книжење во трговските книги во наредниот период.

4.3.4 Побарувањата од купувачите во странство во износ од 111.716 илјади денари не се реално и објективно искажани во трговските книги и Билансот на состојба со 31.12.2011 година, што не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и член 472 и 476 од Законот за трговските друштва, поради следното:

- За побарувањата од купувачите во странство искажани во странска валута не се води девизно сметководство.
- Не е извршено сведување на побарувањата на среден девизен курс на НБРМ со 31.12.2011 година.
- Во спецификацијата со 31.12.2011 година искажани се побарувања со потражно салдо од 27 илјади денари, за кои не се издадени фактури и не се евидентирани побарувања.
- Не е извршено усогласување на побарувањата по основ на приходи од прелети со Еуроконтрол, Брисел со 31.12.2011 година.
- Во сметководствената евиденција на АЦВ не е извршено сведување на побарувањата од Еуроконтрол на реални побарувања во висина од 4.312% со 31.12.2011 година односно `сеуште овие побарувања се искажуваат во цел износ, така што со 31.12.2011 година во трговските книги и финансиските извештаи на АЦВ искажано е побарување во износ од 103.456 илјади денари и камата во износ од 8.271 илјади денари, кои што со примена на среден девизен курс на НБРМ, изнесуваат 1.682.070,71 евра и камата од 134.473,76 евра.

  Имено, сведувањето на реални побарувања во АЦВ требало да се направи со поделбата на приходите од прелети помеѓу двата субјекта М-НАВ и АЦВ, согласно член 2 од Договорот за регулирање на меѓусебните односи и распределба на средства остварени од надоместокот за услуги на воздухопловна навигација за 2011 година, заведен под бр. 05-1796/1 од 05.11.2010 година. Овој договор е склучен врз основа на Законот за воздухопловство и Одлуката за висината и начинот на наплата и распределување на надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација и висината и начинот за утврдување на делот од надоместокот за користење на

услугите на воздухопловна навигација, објавена во Службен весник на РМ број 147/08.

- На испратената конфирмација во текот на ревизијата добиен е одговор од Еуроконтрол со што го потврдува вкупниот износ на обврска према РМ односно према М-НАВ и АЦВ, на износ од 1.655.124,81 евра и камата во износ од 142.182,95 евра. Од причина што се утврдени разлики во конфирмираните салда со Еуроконтрол со 31.12.2010 година, од страна на надворешниот и независен ревизор, за што се дадени исправки за спроведување на книжења во сметководствената евиденција, а кои не се спроведени во текот на 2011 година, салдото на 31.12.2011 година е нереално и неможе да се корегира само на база на пресметка со коефициент од 4,312% туку се потребни дополнителни проверки и слагање на износите со Еуроконтрол, од изминатите години до денес.
- Не се книжат и не се евидентираат на соодветни конта делот од побарувањата, соодветно на процентот за АЦВ, кои се даваат за отпис од корисници на услуги - авиокомпании кои не го платиле долгот по основ на остварените прелети во македонскиот воздушен простор, по доставени податоци преку извештаите и известувањата од Еуроконтрол, задолжена за фактурирање и наплата од корисниците, а во случај на неплаќање и да презема мерки на присилна наплата.

**Препораки:**

Директорот на АЦВ заедно со одговорните лица задолжени за пресметување и наплата на побарувањата од Еуроконтрол, и од другите субјекти, да ги преземат следните активности:

- Да се воведе девизно сметководство за побарувањата од купувачите во странство.
- Да се врши сведување на побарувањата искажани во странска валута на среден девизен курс на НБРМ на крајот на секој пресметковен период.
- Да се изврши сведување на побарувањето од Еуроконтрол по основ на приходи од прелети на реално побарување со 31.12.2011 година, на вредност и во висина од 4.312% согласно член 2 од Договорот за регулирање на меѓусебните односи и распределба на средства остварени од надоместокот за услуги на воздухопловна навигација за 2011 година.
- Да се врши усогласување на побарувањата со купувачите во странство по пат на меѓусебно конфирмирање, најмалку еднаш годишно на крајот на секој пресметковен период, при што од посебно значење е усогласувањето на побарувањето со Еуроконтрол, Брисел.

4.3.5 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните побарувања од поврзани друштва во износ од 24.126 илјади денари, поради следното:

- Побарувањата од Еуроконтрол, Брисел во вкупен износ од 23.806 илјади денари (побарување и камата), потекнуваат од периодот пред издвојувањето на М-НАВ од АЦВ, во јуни 2009 година и се пренесени со Делбениот биланс во деловните книги на АЦВ. Со пописот за 2011 година не е дадено никакво образложение, ниту соодветна документација за потврда на основот и вредноста на побарувањата.
- Не е добиен повратен одговор на конфирмацијата испратена до Еуроконтрол во текот на ревизија, односно субјектот се нема изјаснето за овие побарувања.
- За побарувањата од казни – глоба во износ од 320 илјади денари, врз основа на издадени платни налози за наплата на глоба од физички лица и правно лице, поради несовесно, неквалитетно и спротивно на законот извршување на работите, како персонал во воздухопловството и непочитување на пропишаните правила и постапки за летање од авиокомпанијата, регулирано во Законот за воздухопловство, е поднесено барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд во 2010 година. На крајот на 2011 година добиено е решение од Основниот суд Скопје 1, Скопје со кое е одбиено барањето поради неотстранување на одредени недостатоци на барањето од страна на АЦВ во определениот рок. По ова решение не е спроведено соодветно книжење во сметководствената евиденција, а не е утврдена причината ниту е побарана одговорност од лицата кои биле задолжени за следење на постапката поради што не се наплатила казната – глобата од прекршителите на законот.

Ваквиот начин на работење не е во согласност со Правилникот за водење на сметководство (МСФИ И МСС) и одредбите од член 469 став 6 и 473 од Законот за трговските друштва и има за ефект нереално и необјективно прикажување на состојбите на сметките во трговските книги и билансните позиции во финансискиот извештај.

**Препораки:**

Одговорните лица во АЦВ да преземат активности за корегирање на состојбите искажани од минати години, и тоа:

- За побарувањата од парични казни – глоба да се спроведе соодветно книжење во сметководствената евиденција на база на добиеното решение од надлежниот суд и да се утврди причината за неблаговремено доставување на доказите во постапката, од лицата кои биле задолжени за следење на постапката.

- Да се утврди основот за побарувањето од Еуроконтрол, Брисел за кое е направена исправка, во соработка и консултација со М-НАВ, од аспект на реалноста и објективноста на истото, преку усогласување и конфирмирање со субјектот, заради правилно постапување и соодветно книжење во деловните книги во наредниот период.

4.3.6 Во трговските книги и финансиските извештаи за 2011 година искажани се сомнителни и спорни побарувања преку вредносно усогласување на побарувањата од купувачи во вкупен износ од 360.927 илјади денари, за кои во најголем дел во минатите години се водени постапки пред надлежен суд (пред издвојувањето на М-НАВ од АЦВ, во јуни 2009 година) и за кои се добиени правосилни и извршни одлуки со пресуда во корист на АЦВ. За некои од нив, поднесени се барања до извршител, заради наплата, меѓутоа, поради стечај или ликвидација на одделни фирми, побарувањата неможе да се наплатат.

За побарувањето во износ од 48.818 илјади денари од Еуроконтрол, Брисел, неможе да се утврди основот за неговото евидентирање поради недоставена соодветна документација. Не е добиен повратен одговор на конфирмацијата испратена до Еуроконтрол во текот на ревизија, односно субјектот се нема изјаснето за овие побарувања, поради што овој износ не е потврден.

Ваквиот начин на евидентирање и прикажување на побарувањата, без проверка и обезбедување на соодветни и компетентни докази за нивното постоење односно можност за нивна наплата во идниот период, не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните позиции на побарувањата од купувачи и пасивните временски разграничувања во Билансот на состојба.

**Препораки:**

- Одговорните лица во АЦВ да побараат од Централен регистар на РМ тековна состојба за фирмите за кои е направена исправка преку вредносното усогласување на побарувањата.
- За фирмите за кои ќе се утврди дека не постои можност за наплата (завршена стечајна постапка без можност за наплата од стечајна маса, ликвидација и слично) врз основа на обезбеден релевантен доказ за истото, да се изврши целосно бришење од евиденција односно раскнижување преку соодветните конта, врз основа на донесен акт.
- Да се провери и утврди основот за побарувањето од Еуроконтрол, Брисел за кое е направена исправка, во соработка и консултација со М-НАВ, од аспект на реалноста и објективноста на истото, преку усогласување и конфирмирање со субјектот, заради правилно постапување и соодветно книжење во деловните книги во наредниот период.

4.3.7 Ревизијата не доби релевантни докази за да ја потврди реалноста и објективноста на искажаните побарувања за дадени аванси во износ од 429 илјади денари, и побарувањата од државни органи и институции во вкупен износ од 16.387 илјади денари, поради следното:

- Побарувањата за дадени аванси во износ од 429 илјади денари потекнуваат од периодот пред издвојувањето на М-НАВ од АЦВ, во јуни 2009 година, и се пренесени со Делбениот биланс во деловните книги на АЦВ. Со пописот за 2011 година не е дадено никакво образложение, а на барање на ревизијата доставен е само налог за книжење од 2006 година за пренос на обврската од добавувачот на побарување за даден аванс по договор за закуп со ЈП за стопанисување со станбен и деловен простор, без прилог на документ.
- Побарувањата за повеќе платен ДДВ и повеќе платен данок од добивка во вкупен износ од 16.387 илјади денари се јавуваат како пренесени салда од 2008 година и се непроменети состојби до денот на ревизија.

Побарувањата не биле предмет на разгледување со Делбениот биланс во 2009 година и не се опфатени со Спогодбата за регулирање на права и обврски со М-НАВ, од 29.08.2011 година.

Ваквиот начин на прикажување на побарувања, без проверка и обезбедување на соодветни и компетентни докази за нивното постоење односно можност за нивна наплата во идниот период, не е во согласност со Правилникот за водење сметководство – МСС 1 и член 469 и 472 од Законот за трговски друштва, што влијае на реалноста и објективноста на искажаните билансни позиции во финансиските извештаи.

**Препорака**

Одговорните лица во АЦВ да преземат активности за утврдување на основот за побарувањата за дадени аванси и побарувањата од државни органи и институции од аспект на реалноста и објективноста на истите, заради правилно постапување и соодветно книжење во трговските книги во наредниот период.

## 4.4 Користење на средства согласно законските прописи

4.4.1 Во текот на 2011 година, извршена е исплата на награди на вработените од нето добивката остварена со годишната сметка за 2010 година, во вкупен износ од 733 илјади денари (нето во износ од 660 илјади денари и персонален данок од доход во износ од 73 илјади денари). На основицата од 733 илјади

денари по основ на исплатена дивиденда, согласно Законот за трговски друштва и Законот за персонален данок од доход, пресметан е и платен данок од добивка во износ од 82 илјади денари, за што доставен е образец ДД-ИД на 26.08.2011 година, до МФ – УЈП. Вкупниот износ на намалување на обврските, врз основа на учество во добивката по двата основа, изнесува 815 илјади денари.

Исплатата е извршена подеднакво на секој вработен, врз основа на донесена Одлука од УО, бр. 02-1413/2 од 25.07.2011 година и Решение на директорот на АЦВ, бр. 02-1413/3 од 12.08.2011 година. Во Одлуката за усвојување на годишна сметка за 2010 година (за период од 15.10. до 31.12.2010 година) и распределбата на нето добивката за финансиската година, основот за ваквата исплата е член 9-б и 9-г од Законот за воздухопловство, член 12 и 16 од Статутот на АЦВ и член 428 став 1 точка 11 од Законот за трговски друштва. Наведените одредби од Законот за воздухопловство и од Статутот на АЦВ се однесуваат на работите кои се во надлежност на УО и директорот, а членот 428 став 1 точка 11 од Законот за трговски друштва се однесува на зголемување на основната главнина со непаричен влог односно не ја регулира распределбата на нето добивката во трговските друштва.

Ревизијата има обврска да укаже дека согласно Законот за трговски друштва, Одлуката за распоредување на добивката ја донесува Собирот на содружниците односно собранието, според член 483 став 1, при што во одлуката, покрај другото, се наведува износот кој што се исплатува во вид на дивиденда. Исто така, потребно е да се истакне дека дивиденда се исплатува на акционерите во трговските друштва во зависност од бројот на акции на секој акционер и вредноста на една акција, а во случајот со АЦВ, која е основана со Законот за воздухопловство како независно регулаторно тело со јавни овластувања (во Централниот регистар извршен е упис на правно лице со основач и сопственик – Собрание на РМ), не е соодветно да се врши распределба на дивиденда на акционери, во случајот вработени во АЦВ.

**Препорака**

Надлежните органи на АЦВ да преземат активности, во согласност со законската регулатива, за враќање на исплатените средствата на вработените по основ на награда – дивиденда.

4.4.2 Во ноември 2011 година, од страна на овластеното лице од директорот, доставени се известувања до одделни вработени за враќање на исплатените средства по основ на неправилно исплатен воздухопловен додаток во ноември и декември 2010 година, во рок од 7 дена на сметка на АЦВ или одобрување за задршка од плата. Оваа неправилност е утврдена со извештајот од извршената ревизија од надворешен и независен ревизор, за периодот од 15.10. до 31.12.2010 година, со дадена препорака за враќање на средствата од вработените. Вкупно

исплатени средства по овој основ според извештајот на независната ревизија изнесува 418 илјади денари, а според прегледот изработен во АЦВ и известувањата изнесува 347 илјади денари (нето и пресонален данок).

Во врска со наведеното, во февруари 2012 година, директорот на АЦВ доставил писмено барање до УО заради донесување на Одлука од УО за запирање на парични средства од плата на вработените, со предлог на 6 рати, во спротивно според текстот, би се извршило во цел износ од платата на вработениот. Согласно член 11 од Законот за воздухопловство, директорот одлучува за правата, должностите и одговорностите на вработените во Агенцијата. До денот на ревизија не се донесени акти за задолжување на вработените (се работи за 12 лица) и средствата не се вратени на сметка на АЦВ што има за ефект помалку остварен приход на АЦВ за 2011 година.

**Препорака**

Надлежните органи на АЦВ да преземат мерки и активности во согласност со законската регулатива, за враќање на исплатените средства на вработените по основ на неправилно исплатениот воздухопловен додаток.

4.4.3 Во периодот од 01.03. до 31.12.2011 година во пресметката на плата на одделни вработени исплатуван е износ од 100% од основната плата за работни места за кои е потребно поседување на инспекторско овластување (3 група со инспекторско овластување) и кои имаат добиено времени решенија за инспекторски овластувања и се на списокот за добивање на службена легитимација. Во оваа група се вклучени и 3 лица кои немаат добиено времено решение за инспекторско овластување, а е исплатувана плата во полн износ, наместо да се исплатува 80% од основната плата на соодветното работно место. Вкупниот износ на повеќе исплатена нето плата на 3 лица во 2011 година изнесува 275 илјади денари, на кој што износ се пресметани и платени персонален данок од доход и придонеси.

Ваквиот начин на исплата не е во согласност со член 3 од Правилникот за плати и надоместоци на плати, донесен во март 2011 година и член 3 од Процедурата за начинот и постапката за стекнување на инспекторско овластување, донесена во јули 2011 година, што има за ефект ненаменска исплата на средства.

Овластениот државен ревизор не дава препорака од причини што со забелешките доставени на Нацрт извепштајот, од страна на одговорното лица на АЦВ, добиена е информација за формирање на комисија за исправање на недостатоците согласно законот за работни односи и продолжување на постапката во 2012 година.

**Вкупни ефекти од наодите**

Поради изнесените наоди во точките 4.2. и 4.3. кои се однесуваат на неводењето на евиденција на материјалите и ситниот инвентар, неизвршениот попис на материјалите, ситниот инвентар, паричните средства, побарувањата и обврските, со состојба на 31.12.2011 година, согласно законските прописи, нередовното фактурирање и наплата на надоместоците од подносителите на барањата согласно начинот пропишан во Внатрешната процедура и упатството, донесени на база на Тарифникот и Законот за воздухопловство, неизвршеното сведување на побарувањата од Евроконтрол, на реални побарувања во висина од 4.312% со 31.12.2011 година, односно `сеуште овие побарувања се искажуваат во цел износ, евидентирањето на побарувањата по различни основи од минати години, без проверка и обезбедување на соодветни и компетентни докази за нивното постоење, ревизијата се воздржа од изразување на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на АЦВ за 2011 година.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.3. од овој извештај ние не бевме во можност да добиеме соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Агенцијата за воздухопловство на ден 31 декември 2011 година.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2, 4.3. и 4.4 погоре, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Агенцијата за цивилно воздухопловство, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

**Сметководствена рамка на известување**

6.1. Годишната сметка и Финансиските извештаи за 2011 година на АЦВ се изготвени со примена на принципот на пресметковна основа во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) и Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) уредено со Правилникот за водење на сметководство и Законот за трговски

друштва. Согласно член 1 од Законот за сметководството на непрофитните организации, АЦВ како независно регулаторно тело со јавни овластувања утврдени со Законот за воздухопловство, припаѓа на други правни лица основани со посебни прописи. Согласно член 4 став 3 и 4 од истиот закон, непрофитните организации водат евиденција за приходите и расходите, изработуваат планови, извештаи и анализи, а податоците во деловните книги треба да им овозможат на надлежните органи планирање и извршување на приходите, изготвување и донесување на финансиските планови и за други цели, кое што во потполност одговара и е во согласност со надлежностите и одговорностите на АЦВ пропишани во одредбите од Статутот и член 7 став 2, 7-а, 7-б, 9, 9-б алинеа 9, како и член 9-д став 2 од Законот за воздухопловство и кои упатуваат на непрофитна организација. Од друга страна со измените на членот 13 став 3 од Законот за воздухопловство во 2012 година („Службен весник на РМ„ бр.80), дадена е насока финансиско - сметководствените извештаи да се изработуваат во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Поради горе наведеното ревизијата препорачува да се преоцени применетата рамка за финансиско известување.

**Статус и начин на финансирање на АЦВ**

6.2. Со Законот за воздухопловство, донесен во 2006 година, за вршење на работите од областа на воздухопловството, основана е Агенцијата за цивилно воздухопловство. Начинот и изворите на финансирање на агенцијата се утврдени во член 12 од истиот, при што со измените на законот, во мај 2010 година, главно се менува надлежноста од Владата на РМ на Управниот одбор на АЦВ, односно се дава право висината на надоместоците да ги утврдува Управниот одбор на АЦВ со тарифник, во зависност од реалните административни и надзорни трошоци.

Согласно Законот, годишната програма и годишниот финансиски план ги донесува Управниот одбор по претходна добиена согласност од Собранието на РМ, најдоцна до крајот на јануари секоја година.

Врз основа на анализата и споредбениот преглед на планирани и реализирани приходи и расходи во Финансискиот извештај за период 01.01. до 31.12.2011 година, утврдено е дека поголем дел од планираните приходи и расходи, утврдени на ниво од 163.350 илјади денари, не се реализирани, (посебно изразено е кај приходите), поради што АЦВ за 2011 година има искажано загуба од 33.750 илјади денари (вкупните приходи се реализирани со процент од 60,10%, а вкупните расходи се реализирани со процент од 81,60%). Годишниот финансиски извештај за 2011 година е

прифатен и усвоен од страна на Собранието на РМ, без забелешка на истиот, на седница одржана на 9 јули 2012 година.

Со донесувањето на новиот Тарифник на крајот на 2011 година, кој е во примена од 01.01.2012 година, драстично се намалуваат и се менуваат видот и висината на надоместоците во однос на претходните тарифници, поради што се намалени и приходите по овој основ. Со ваквите измени во Тарифникот, и со најновите измени во Законот за воздухопловство, објавени во јуни 2012 година, изменети се начинот и изворите на финансирање на АЦВ, на предлог на надлежното министерство.
Како покарактеристични измени во надоместоците со новиот Тарифник, може да се истакнат следните:

- се менува текстот на член 52 односно изменета е основицата за пресметка во член 18 став 1, со што истата се намалува од 50.000 евра на 1.000 евра.
- не се наплатува посебно надоместок за континуиран надзор (30% од претходната основица за пресметка), поради измена на член 52 став 2 кој е поврзан со член 18, односно овој надоместок влегува и се наплатува во вредноста од 2% од надоместокот за користење на полетно-слетната патека и патеките за возење, односно за полетување, слетување и осветлување, што е регулирано во член 12 став 3 од Законот за воздухопловство.
- избришан е надоместокот од патник во заминување од аеродромите во РМ, кој што го плаќаат патниците преку цената на авио картите на авиопревозниците, а е поврзан и со член 70 од законот, за што операторот на аеродромите бил должен на АЦВ да `и доставува извештај за бројот на патници во јавниот воздушен превоз.

Додека пак, со измената и дополнувањето на член 12 став 6 и 7 од Законот, се додава нов извор на финансирање кој се однесува на можноста за финансирање на АЦВ и од концесискиот надоместок за користење на аеродромите, уплатен од претходната година, без конкретно прецизирање на висината и постојаноста на истиот, со примена од 1.01.2013 година. Собранието на РМ на предлог на АЦВ донесува одлука за користење на средствата по претходно добиено мислење на Владата на РМ. Ваквиот начин не обезбедува стабилен извор на финансирање и финансиска независност на АЦВ, согласно Европските регулативи и член 7 став 2 и 3 од Законот, како и не е постапено согласно начинот предложен од Европската унија преку ISIS проектот.

Имајќи го предвид наведеното, надлежните органи на управување и раководење во АЦВ, при донесувањето на годишниот финансиски план и програма за работа и развој, потребно е да вршат анализа и проценка заради пореално планирање и балансирање (усогласување) на приходите и расходите за претстојната година, кое нема да доведе до загуба од работењето. Истовремено, при тоа да се води сметка, и за остварување на регулаторната активност преку постигнување на највисоко ниво на квалитет во сите аспекти на функционирање и регулирање на цивилното воздухопловство, со цел остварување на безбеден и ефикасен воздушен транспорт целосно интегриран во транспортната мрежа на Европа.

6.3. Во врска со точка 4.3.2 од овој Извештај, која се однесува на враќањето на фактурите од операторот на аеродромите во Скопје и Охрид, и намалувањата на побарувањата за пресметаните надоместоци по основ на издадени уверенија за аеродромите и континуираниот надзор, како и за надоместоците за издадени дозволи, уверенија и овластувања, ревизијата има обврска да го истакне следното:

Во текот на 2011 година, постоеле меѓусебни усмени и писмени преписки помеѓу АЦВ, операторот на аеродроми и Министерството за транспорт и врски (МТВ), кое што главно се однесува на примената на клаузула 9.4 од Договорот за концесија, за развој, финансирање, оперирање и одржување на аеродромите во Скопје и Охрид и изградба на нов карго аеродром во Штип, склучен во септември 2008 година, помеѓу Владата на РМ, преку надлежниот министер, и операторот на аеродроми.

Доставено е известување, од 4.05.2011 година, од страна на МТВ до АЦВ, со прилог извадок од договорот за концесија, кој се однесува на клаузулата 9.4., за информирање и постапување по истото.

Со овој допис МТВ му дава право на операторот на аеродроми, да ги оствари своите права преку клаузулата во точка 9.4. од концесискиот договор односно да не ги прифаќа надоместоците на начин пропишан во донесениот Тарифник, од 16.02.2011 година.

И покрај писмените известувања од страна на АЦВ до операторот на аеродромите и МТВ, во 2012 година на седница на Владата на РМ, донесен е Заклучок во Конечен записникот од 37-та затворена седница на Владата на РМ, бр. 51-8091/1 од 25.04.2012 година, со дадена препорака до УО на АЦВ, за донесување на одлука за усогласување на износите од постојните побарувања кон операторот на аеродромите, за и од новиот Тарифник од 28.12.2011 година, кој операторот на аеродроми го признава.

На ваков начин планираните приходи во АЦВ согласно Тарифникот, во 2011 година, се драстично намалени што може да влијае на финансиската стабилност и нормалното функционирање на АЦВ во наредниот период.

**Судски спорови**

6.4. Во АЦВ со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места, од 02.03.2011 година, предвидено е Одделение за судски постапки, со 1 извршител – советник за судски постапки, меѓутоа истото не е пополнето. Судските предмети и управни постапки во кои АЦВ се јавува како тужена странка или тужител, ги води надворешно ангажирана адвокатска канцеларија, по склучен договор за адвокатски услуги. На барање на ревизијата доставен е преглед за тековни судски предмети и тековни управни постапки кои `и се доверени на адвокатската канцеларија, во кои АЦВ се јавува како тужена странка или тужител.

Според прегледот за тековни судски спорови, АЦВ е тужена странка во 6 судски спорови по основ на надомест на штета, долг или стекнување без основ, врз основа на кои од АЦВ се побарува вкупна проценета вредност од 1.369.362 илјади денари, а во 2 судски спорови АЦВ се јавува во својство на тужител по основ на надомест на штета и неплатен долг, врз основа на кои АЦВ побарува вкупна проценета вредност од 211.868 илјади денари.

Според прегледот за тековни управни постапки, АЦВ е тужена страна во 4 управни постапки во кои се работи за поништување на решенија, заклучоци и сл., а во својство на тужител АЦВ се јавува во 8 управни постапки кои се однесуваат на поништување на решенија донесени од МФ – Управа за јавни приходи по основ на пресметан данок на додадена вредност во вкупен износ од 16.656 илјади денари.

Како еден од позначајните спорови кои се водат против АЦВ, а во кој спор е вклучено и Министерството за транспорт и врски, како второтужена странка, е судскиот спор во кој тужителот Авиоимпекс АД Скопје, во 2007 година поднел тужба за надомест на штета поради укинување на дозволите за вршење на редовен и вонреден воздушен сообраќај, кои дозволи претходно биле одобрени и објавени. Тужителот бара и материјална и нематеријална штета, која со поднесок даден на рочиште на 07.02.2011 година ја зголемува штетата и за испуштена корист и бара камата на износ од 1.341.426 илјади денари. Тужените го оспоруваат тужбеното барање од причина што дозволите на тужителот не се одземени туку е донесена Одлука на Владата на РМ, при што е одлучено МАТ АД Скопје да биде редовен авиопревозник. Со решение од 06.02.2012 година судот го дозволил прецизирањето и преиначувањето на тужителот согласно поднесокот, поради што второтужениот МТВ поднел жалба. Жалбата е усвоена и следното рочиште било закажано за 21.08.2012 година.

Поради тоа што станува збор за судски предмети и управни постапки што се водат пред надлежните судови, до денот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат поради што постои неизвесност од дополнително оптоварување на проценетиот износ со камати и судски трошоци, кај судските спорови во кои АЦВ е тужена странка.

При ова треба да се земе во предвид и одредбата во член 1 од Спогодбата за регулирање на права и обврски со М-НАВ, АД во државна сопственост за вршење на дејност давател на услуги на воздухопловна навигација, под број 03-1605/1 од 29.08.2011 година, според која обврските или побарувањата од сите судски спорови отпочнати до 30.06.2009 година кои ќе се исплатат или наплатат, ќе се распределат во соодност 70% за М-НАВ и 30% на АЦВ.

Во текот на 2011 година, до денот на ревизија не се добиени информации и документи за евентуално постоење на вакви случаи.

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2011 ГОДИНА**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| Приходи од продажба на неповрзани друштва | 97,026 | - |
| Приходи од вредносно усогласување на нетековни и тековни средства | 427 | |
| Останати приходи | 582 | - |
| **Вкупни приходи од работењето** | **98,035** | - |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3,052 | - |
| Трошоци за услуги | 9,996 | - |
| Плата, надоместоци на плата и останати трошоци за вработените | 70,264 | - |
| Трошоци за амортизација | 5,611 | - |
| Останати трошоци од работењето | 42,852 | - |
| **Вкупно расходи од работењето** | **131,775** | - |
| Финансиски приходи | 129 | - |
| Финансиски расходи | 78 | - |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | (33,689) | - |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | (33,689) | - |
| Данок од добивка | 61 | |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | (33,750) | - |

*Поради статусна промена и упис во Централниот регистар во РМ на 15.10.2010 година, компаративни податоци за претходната година не се искажани.

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**
**(ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА)**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2011 | 2010 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 80,353 | 175,232 |
| Побарувања од поврзани друштва | 24,126 | 24,147 |
| Побарувања од купувачи | 82,754 | 73,152 |
| Побарувања за дадени аванси | 429 | 495 |
| Побарувања од државни органи и институции | 16,387 | 16,449 |
| Побарувања од вработените | 71 | 156 |
| Залихи | 773 | 569 |
| **Вкупно тековни средства** | **204,893** | **290,200** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални средства | 1,405 | 2,005 |
| Материјални средства | 8,243 | 14,798 |
| **Вкупно нетековни средства** | **9,648** | **16,803** |
| **Вкупна актива** | **214,541** | **307,003** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 1,256 | 58,940 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 1 | 10 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | 0 | 1,348 |
| Обврски спрема вработените | 0 | 3,676 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | 14 | 1,037 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 8,930 | 326 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **10,201** | **65,337** |
| | | |
| **Главнина и резерви** | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 54,090 | 57,666 |
| Резерви | 146 | 146 |
| Акумулирана добивка | 183,854 | 183,854 |
| Загуба од тековната година | 33,750 | 0 |
| **Вкупно главнина и резерви** | **204,340** | **241,666** |
| **Вкупна пасива** | **214,541** | **307,003** |

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

П Р Е Г Л Е Д
НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

во 000 денари

| О П И С | ОСНОВНА ГЛАВНИНА - ЗАПИШАН И УПЛАТЕН КАПИТАЛ | РЕЗЕРВИ | АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА | ЗАГУБА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| **Состојба 01.01.2011 година** | **57,666** | **146** | **183,854** | - | **241,666** |
| Добивка за деловна година | | | | | **0** |
| Ревалоризациона резерва за годината | | | | | **0** |
| Загуба за деловна година | - | - | - | 33,750 | **-33,750** |
| Останати зголемувања/корекции | 549 | - | - | - | **549** |
| Останати намалувања/отстапување на материјално средство | 4,125 | - | - | - | **4,125** |
| Останати неспомнати промени кои влијаат на капиталот и резервите | | | | | **0** |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **54,090** | **146** | **183,854** | **33,750** | **204,340** |

| АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО<br>ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2011 ГОДИНА | |
|---|---|
| | во 000 денари |
| | 2011/2010 |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | -33,750 |
| Усогласување за трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 5,611 |
| **Готовински текови од работење** | **-28,139** |
| | |
| Побарувања од поврзани друштва | 21 |
| Побарувања од купувачи | -9,602 |
| Побарувања за дадени аванси | 66 |
| Побарувања од државни органи и институции | 62 |
| Побарувања од вработените | 85 |
| Залихи | -204 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачите | -57,684 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | -9 |
| Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки | -1,348 |
| Обврски спрема вработените | -3,676 |
| Останати краткорочни обврски и краткорочни резервирања | -1,023 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 |
| Одложени плаќања на трошоци и приходи на идни периоди (ПВР) | 8,604 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **-92,847** |
| | |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Долгорочни финансиски вложувања | 0 |
| Нематеријални и материјални вложувања | -2032 |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **-2032** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ | |
| Обврски по долгорочни кредити | 0 |
| Капитал | |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **0** |
| | |
| НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | -94,879 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 175,232 |
| | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 80,353 |

Република Македонија
**Агенција за цивилно воздухопловство**

[redacted]

бр. 05-1505/5
Скопје, 23.11.2012 година

**Агенција за цивилно воздухопловство**
ул. „Даме Груев" број 1,
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: ++ 389 2 3114 – 046
факс: ++ 389 2 3115 – 708
е – пошта: contact@caa.gov.mk
веб страна: **www.caa.mk**

**До:** Државен завод за ревизија на Република Македонија

**Предмет:** Забелешки по Нацрт – извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година

**Врска:** Ваш допис број: 18 – 124/5 од 25.10.2012

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 24. 11. 2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 18 | 124/6 | | |

Почитувани,

Во прилог на овој допис Ви ги доставуваме забелешките по Нацрт – извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година издаден од Овластениот државен ревизор.

Со почит,

**Директор**
**на Агенција за цивилно воздухопловство**
**д – р Дејан Мојсоски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
СКОПЈЕ

Прилог:

- Забелешките по Нацрт – извештај

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО
Бр. 05-1505/4
23-11-2012 год.
СКОПЈЕ

**Република Македонија**
**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
**С к о п ј е**

# ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ ОД ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

**Скпје, ноември 2012 година**

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**
**ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## С О Д Р Ж И Н А:


Вовед: ..... 2
Коментар на резимето: ..... 4
Забелешки на воведот: ..... 10
1.3 – Коментар: ..... 10
1.4 – Коментар: ..... 10
4.3 ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАОДИТЕ И ПРЕПОРАКИТЕ ..... 11
4.1.1 – Коментар ..... 11
4.1.2 – Коментар: ..... 12
4.1.3 – Коментар: ..... 12
4.1.4 – Коментар: ..... 13
4.2 ЗАБЕЛЕШКИ ПО УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНИ И ПРОПИСИ ..... 13
4.2.1 – Коментар: ..... 13
4.2.2 – Коментар: ..... 14
4.2.3 и 4.2.4 – Коментар: ..... 14
4.3 ЗАБЕЛЕШКИ ПО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ ..... 15
Биланс на успех ..... 15
4.3.1 – Коментар: ..... 15
4.3.2 – Коментар: ..... 19
4.3.3 – Коментар: ..... 20
4.3.4, 4.3.5 (алинеја 1 и 2) и 4.3.6 – Коментар: ..... 20
4.3.5 – Коментар: ..... 21
4.3.6 – Коментар: ..... 21
4.3.7 – Коментар: ..... 21
4.4 ЗАБЕЛЕШКИ ПО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ ..... 22
4.4.1 – Коментар: ..... 22
4.4.2 – Коментар: ..... 23
4.4.3 – Коментар: ..... 23
6. ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАГЛАСУВАЊЕ НА ПРАШАЊА ЗА НЕИЗВЕСНОСТ ИЛИ КОНТИНУИТЕТ ..... 23
Сметководствена рамка на известување ..... 23
6.1 – Коментар: ..... 23
6.2 – Коментар: ..... 26
6.3 – Коментар: ..... 26




**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

**До**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈОТ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

**Вовед:**

Во врска со доставениот Нацрт извештај за ревизија на финансиски извештаи со ревизија на усогласеност за Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година, раководството на Агенцијата за цивилно воздухопловство најпрво сака да изрази благодарност за извршената ревизија.

Последна спроведена ревизија во Агенцијата за цивилно воздухопловство од страна на Државниот завод за ревизија е Ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година. Во периодот до последната ревизија за 2011 година во Агенцијата се случени значајни промени и настани и дел од нив се предмет на разгледување на оваа ревизија. Сметаме дека најголем дел од забелешките дадени во Нацрт извештајот се резултат на овие настани.

Всушност во споменатиот период кој не бил предмет на ревизија во текот на тие години се случиле неколку значајни настани чии консеквенци се отсликуваат во моменталната состојба, а сме должни да Ви ги наведеме: поделба на дотогаш единственото тело на Регулатор и Сервис провајдер односно на Агенција за цивилно воздухопловсто и М – НАВ АД Скопје во јули 2009 година, промена на Законот за воздухопловство број („Службен весник на Република Македонија број 67/2010") од кои произлезе трансформација на Агенцијата за цивилно воздухопловство од самостоен орган на државна управа под Влада на Република Македонија во независно регулаторно тело на 15.10.2010 година чиј основач е Собранието на Република Македонија како и Договорот за давање на аеродромите под концесија во 2008 година со примена на истиот од 01.03.2010 година.

Влијанието на вака настанатите промени особено се рефлектираше и на работењето на Агенцијата за цивилно воздухопловсто.



**Материјалот го иготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

При оваа поделба одлучено е сите побарувања и обврски на тогашната Управа за цивилна воздушна пловидба да останат на Агенцијата, со дополнително регулирање на односите помеѓу двата субјекта. Исто така треба да се нагласи дека со поделбата целокупниот персонал од единицата за финансиски прашања како и лицето одговорно за судски постапки преминале во М – НАВ АД Скопје со што Агенцијата за цивилно воздухопловство продолжува со работа без комплетно утврдување на реалните состојби.

Тоа претставува една од главните причини за тешкотиите во работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство, а немањето на ревизорски податоци од минатиот период кој би се искориситиле е со цел истите да се отстранат за да не се рефлектираат во извештаите во идниот период како и во извештајот од 2011 година што е предмет на ревизија.

Должни сме да укажеме дека во периодот нема направено ревизија, а тоа е најначајниот период пред преминување во независно регулаторно тело согласно измените од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија број 67/2010“) односно водење на сметководствена евиденција од Закон за буџетско сметководство во водење на сметководствена евиденција по Закон за трговски друштва.

Сакаме да напоменеме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство има реални и објективни финансиските извештаи за 2011 година, и истите се во согласност со финансиската регулатива и позитивните законски прописи. Годишниот извештај со завршната сметка за 2011 година како и Ревизорскиот извештај изготвен од независни ревизори за 2011 година, се усвоени од страна на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство со Одлуки број 01–504/1 и 01–505/1 од 27.03.2012 година. Сите овие документи се изготвени согласно прифатените законски прописи, презентираните информации во нив се реално и објективно прикажани во согласност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики, и истите со Заклучок број 07 – 1895/59 од 10.07.2012 година се усвоени од Собранието на Република Македонија како основач на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Раководството на Агенцијата за цивилно воздухопловство е на мислење дека во најголем дел констатираните забелешки произлегуваат од минати години односно од периодот пред трансформацијата на



**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

Агенцијата во регулаторно тело и поделбата со М – НАВ АД Скопје а особено од аспект на пренесеите салда и судските постапки.

**Коментар на резимето:**

Во врска со Вашите констатации од страна 1 алинеа 1 од Нацрт извештајот сметаме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство има обезбедено објективни услови за почитување и спроведување на донесените процедури од аспект на финансиска контрола, има донесено нови акти, упатства и политики кои ќе обезбедат функционирање базирано на целокупната релевантна законска регулатива и доследно ги почитува и применува истите, го почитува Законот за јавна внатрешна контрола и согласно истиот направи нова систематизација во која што предвиде одделение за внатрешна ревизија, назначи внатрешен ревизор, вработи советник за сметководствени – финансиски работи и обезбеди благајник.

Во врска со алинеја 2 од страна 1 Ве информираме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство има одделение за Внатрешна ревизија согласно Правилникот за систематизација на работните места, но истите места од технички причини не се пополнети. Имено, во пресрет на очекување на решавањето на финансирањето на Агенцијата за цивилно воздухопловство во текот на 2011 година беше распишан конкурс за вработување на Внатрешен ревизор, но истиот е поништен заради нерешавање на финансиското прашање за што се информирани Управниот одбор и Владата на Република Македонија. Во следниот период Агенцијата за цивилно воздухопловство изврши прераспределба на вработените за да во целост ги испочитува законските прописи.

Во врска со алинеја 3 на страна 2 сакаме да нагласиме дека во Агенцијата за цивилно воздухопловство овластувањата се издаваат во согласност со Законот за воздухопловство и врз основа на утврдени Процедури за начинот, постапка за стекнување на инспекторски овластувања како и врз основа на Правилник за инспекторски легитимации („Службен весник на Република Македонија број 23/09“). Во врска со идентификацијата за лицата/овластени воздухопловни инспектори при вршење на инспекторски задачи, би сакале да Ве информираме дека за влез на аеродромската писта е потребно да се



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

помине гранична контрола за што лицата тројно се контролираат односно се врши најава и проверка на патен налог, увид на пасош од страна на аеродромска служба и увид на исправа од страна на полициска гранична служба. Дополнително сите SAFA инспектори во 2011 година поседувале, вршеле инспекција и се идентификувале со своите постојни службени легетимации/ID легитимации кои се во согласност со EASA стандардите и се сеуште важечки. Издадени се нови решенија за инспекторски овластувања со важност до 28.02.2013 година, лимитирани се овластувањата за SAFA инспекторите во согласност со Правилникот и издадени се службени легитимации со важност до 28.02.2013 година. Истовремено би сакале да ве информираме дека начинот на вршење на инспекторскиот надзор вклучувајќи ги и инспекторските легитимации се предмет на контрола и на меѓународните организации како што е EASA и истите немаат утврдено никаква недоследност во работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство при вршење на инспекциски надзор и по однос на постојните инспекторски легитимации кои што ги користат инспекторите. Сметаме дека вашите констатации за утврдени состојби, немаат значење за работењето на стручниот инспекторски тим (овластените воздухопловни инспектори) со кои располага Агенцијата за цивилно воздухопловство за што, EASA даде потврда дека ги исполнуваме стандардите за вршење на инспекција во воздухопловството согласно важечките меѓународни воздухопловни стандарди, и за истото е информирана и Владата на Република Македонија.

Во врска со алинеја 4 на страна 2 Ве информираме дека Агенијата за цивилно воздухопловство има извршено попис со состојба на 31.12.2011 година согласно законските прописи и истиот Ви беше доставен на увид во текот на ревизијата.

Во врска со алинеја 5 и 6 на страна 2 дека Агенцијата за цивилно воздухопловство ја почитува гореспоменатата процедура освен во исклучителни ситуации во кои Агенцијата не е надлежна да одлучува и нема ингеренции да постапува по одредени делови од Тарифникот. Во разрешувањето на такви ситуации Агенцијата согласно меѓународните воздхопловни прописи соработува и бара мислење за надминување на состојбите со Институции од повисок ранг во интерес на остварување на поставената цел, а тоа е обезбедување на безбеден воздухопловен сообраќај.



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

Сметаме дека при утврдувањето на забелешките најверојатно не сте добиле права слика и не Ви е презентирана фактичката состојба од причина што укажувате дека наплата на надоместоците требала да се извршува пред поднесувањето на барањето, при што од Ваша страна воопшто не е земено во предвид важечкиот Тарифник на Агенцијата за цивилно воздухопловство број 01 – 2373/2 од 28.12.2011 година, каде што во членот 3 став 2 се укажува: „надоместоците од став 1 се уплатуваат при поднесување на барањето за издавање, продолжување, обновување, или промена на уверенија, дозволи, одобренија, согласности и друго или по завршување на постапката и истите не се рефундираат".

Ова покажува дека согласно важечкиот Тарифник не постои обврска за надоместоците да се уплаќаат со поднесување на барањето туку може да се наплатат и по завршување на постапката по слободно наоѓање на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Исто така би сакале да информираме дека при определувањето на начинот на наплата на надоместоците Вие треба како ревизија да се држите на Тарифникот кој што има статус на пропис согласно Законот за воздухопловство, а не на внатрешна процедура која што воопшто не е пропис и која што е наменета само да ја опише внатрешната организација на работата на едно одделение во Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Исто така од Ваша страна не е утврдено дека внатрешната процедура на која што се повикувате е стара процедура која што се базира на стар Тарифник број 02 – 403/2 од 16.02.2011 година кој што веќе е укинат. По тој Тарифник донесени се уште два нови Тарифника под број 02 – 1814/2 од 30.09.2011 година и сегаважечкиот Тарифник донесен под број 01 – 2373/2 од 28.12.2011 година. Важечкиот Тарифник беше изменет во март 2012 година и заведен под под број 01–167/3 од 01.03.2012 година. Со овие измени во членот 58а е дадена можнст: „да отпочнатите постапки пред Агенцијата за кои важечкиот Тарифник се смета за поповолен пропис да се примени важечкиот Тарифник" донесен во 2012 година. Според тоа на сите постапки почнати пред донесување на важечкиот Тарифник од 2012 година се применил важечкиот Тарифник број 01 – 2373/2 од 28.12.2011 година како поповолен пропис што е во согласност и со Уставот на Република Македонија. Со оглед на фактот што Тарифникот бил сменет, а по новиот Тарифник нема направено нова внатрешна процедура произлегува дека внатрешната



**Материјалот го иготви:**

1. ____________
2. ____________
3. ____________

процедура која Вие ја цитирате донесена по укинат Тарифник, е неважечка.

Констатациите по алинеја 7 на страна 2 произлегуваат од фактот што евидентираните побарувања потекнуваат од минати години во периодот кога Агенцијата за цивилно воздухопловство и М – НАВ АД Скопје биле едно тело до јуни 2009 година. Делбениот биланс бил направен од независна комисија формирана согласно Законот за воздухопловство и на начинот на кој што е направен делбениот биланс Агенцијата за цивилно воздухопловство неможела да влијае туку само ги спроведувала оние работи кои се ставени во него. Таквите побарувања не биле предмет на разгледување во делбениот биланс во 2009 година. Поради тоа периодот од поделбата во јуни 2009 година до почетокот на 2011 доколку бил предмет на Ревизија како би се констатирале сите можни пропусти за да бидат навремено отстранети со цел да не се рефлектираат во идните периоди.

Во врска со алинеја 8 на страна 2 за побарувањата од ЕУРОКОНТРОЛ, би сакале да Ве информираме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство го има сведено побарувањето кон ЕУРОКОНТРОЛ за 2011 година на реалниот износ во висина од 4.312 %, но разликите на сметката побарување од ЕУРОКОНТРОЛ произлегуваат од периодот до јануари 2011 година, во кој М – НАВ АД Скопје и Агенцијата за цивилно воздухопловство имале заеднички побарувања кон ЕУРОКОНТРОЛ кои се воделе само во деловните книги на Агенцијата. Во тој период двата субјекта ги воделе своите сметководствени евиденции неусогласени, односно Агенцијата за цивилно воздухопловство по Закон за буџетско сметкодство до 15.10.2010 година, денот на трансформација а М – НАВ АД Скопје по Закон за трговски друштва од 01.07.2009 година. На почетокот на 2011 година ЕУРОКОНТРОЛ прави поделба на приливите од прелети за двата субјекта поединечно, и субјектите соодветно ги евидентираат своите побарувања кон ЕУРОКОНТРОЛ. Оттука произлегува и потребата за усогласеност на сметководствен принцип кој ќе се применува кај двата субјекта, што е во согласност со барањето на меѓународните институции кои го контролираат воздухопловниот сообраќај.



**Материјалот го изготви:**

1. ____________
2. ____________
3. ____________

Во врска со алинеја 9 на страна 2 општа констатација е дека по извршената поделба судските предмети остануваат во рацете на правната служба на М – НАВ АД Скопје и по повеќе обиди направено е нивно примопредавање. Кога ќе бидат официјално завршени судските постапки по спомнатите предмети во зависност од исходот на постапките истите ќе бидат проследени по бараните процдури – извршување или бришење од сметководствена евиденција.

Во врска со алинеја 10 на страна 2 Агенцијата за цивилно воздухопловство укажува дека Управниот одбор со Одлука број 02 – 1413/2 од 29.07.2011 година дал согласност да согласно член 2 од Одлуката за усвојување на Годишната сметка за период од15.10.2010 година до 31.12.2010 година остварената нето добивка, да се распореди на награди за вработените за успешност во работењето.

Агенцијата постапила во согласнсот со член 16 од Општиот колективен договор, и во рамките на обезбедените средства изврши исплата, која е во согласност со член 6 од Правилникот за плати и надоместоци од плати 02 – 492/2 од 02.03.2011 година, во кој висината е утврдена на максимални 20% од основната компонента на работникот. Тоа е во согласност со Одлуката на Управен одбор за усвојување на Финансискиот годишен план за 2011 година со број 02 – 401/1 од 16.02.2011 година по Одлука донесена од Собранието на РМ со број 07 – 648/1 објавена во Службен весник на РМ број 14/11. Исто така во Финансискиот план за 2011 година број 01 – 401/2 од 16.02.2011 година, на страна 15 предвидено е доделување на награди за успешност на вработените.

Во врска со алинеја 1 од страна 3 за начинот на водење на сметководство согласно со Законот за сметководство на непрофитни организации должни сме да укажеме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство го води своето сметководство во согласност со барањата на Европската комисија и ЕУРОКОНТРОЛ односно во согласност со Регулативата ЕЗ 1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите за воздухопловна навигација.

Како еден систем за заедничка наплата помеѓу М – НАВ АД Скопје и Агенција за цивилно воздухопловство мора да ја почитува наведената Одлука и Уредбата на Владата на Република Македонија, Регулативите на Европската унија и конвенцијата на ЕУРОКОНТРОЛ, а



**Материјалот го иготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

имплементацијата на истата. Доколку не постапиме на овој начин може сериозно да се наруши угледот на Агенцијата и Република Македонија и да бидеме исклучени од системот за наплата на прелети воведен од ЕУРОКОНТРОЛ.(Објаснувањето е дадено во точка 6.1.)

Во врска со алинеја 2 од страна 3 сакаме да Ве информираме дека новиот Тарифник кој е во примена од 01.01.2012 година е донесен од Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство со Одлука број 01 – 2373 од 28.12.2011 година по долготајни преписки и консултации помеѓу Директорот на АЦВ, Управниот одбор на АЦВ, Министерството за транспорт и врски и ТАВ Македонија, а истото се однесува и за измената на Законот за воздухопловство кој е предложен од Министерството за транспорт и врски, усвоен од Владата на РМ и гласан во Собранието на РМ.

Во врска со алинеја 1 од страна 4 сакаме да Ве информираме дека намалувањето на побарувањата од надоместците за 2011 година на операторот на аеродромите е направено врз основа на Одлука на Управен одбор број 02 – 818/1 од 31.05.2012 година, донесена врз основа на Заклучок на Владата на РМ од извадокот на нацрт Записникот на 37 затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 24.04.2012 година, со број 51 – 8091/1 од 25.04.2012 година.



**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

**Забелешки на воведот:**

**1.3 – Коментар:**

Сметаме дека треба да се дополни со следниов факт: согласно член 13 став 6 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ број: 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12 и 80/12) Извештајот за реализација на годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година, Годишниот финансиски извештај на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година, Годишниот извештај со завршната сметка за 2011 година како и Ревизорскиот извештај изготвен од независни ревизори за 2011 година се усвоени од страна на Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство со Одлука број 01 – 504/1 и 01 – 505/1 од 27.03.3012 година и истите се испратени и усвоени од Собранието на Република Македонија како основач на Агенцијата за цивилно воздухопловство со Заклучок број 07 – 1895/59 од 10.07.2012 година.

**1.4 – Коментар:**

Сметаме дека треба да се дополни со следниов факт: во врска со одговорноста на раководството за Финансиските извештаи кои се предмет на ревизијата, би сакале да нагласиме дека согласно член 13 став 3 и 5 од Законот за воздухопловство, Годишните финансиски извештаи и Завршните сметки ги донесува Управниот Одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство во состав:

1. Драги Стојаноски – претседател на Управен одбор и Раковител на сектор за безбедност и сигурност на воздушен сообраќај,
2. Драган Китановски – член на Управен одбор и Раковител на одделение за дозволи и воздухопловна медицина),
3. Фахрудин Хамиди – член на Управен одбор и вработен во М – НАВ АД Скопје.

Сакаме да напоменеме дека Директорот на Агенциајта за цивилно воздухопловство согласно член 9 – д од Закон за воздухопловство изготвува Предлог на годишна програма за работа и развој, Годишен финансиски план на Агенцијата, Финансиски извештај со завршна сметка и Извештај од реализираната годишна програма за работа и развој на Агенцијата. Истите документи согласно член 9 – б од Законот за



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

воздухопловство, Управниот одбор на Агенцијата е надлежен да ги усвои и донесе. Истото ова е во текстот од двата извештаи на независнта ревизија од 2010 и 2011 година. Скаме да напоменеме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство е орган со двостепено управување и Директорот не одлучува самостојно односно зависи од Управниот одбор и Собранието на Република Македонија.

## 4.3 ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАОДИТЕ И ПРЕПОРАКИТЕ

## 4.1 ИНТЕРНИ КОНТРОЛИ

**4.1.1 – Коментар**:

Согласно Вашата препорака за обезбедување на стручен и професионален кадар во Единицата за финансиски прашања согласно Систематизацијата на работни места би сакале да Ве информираме дека во Единицата е прераспределен еден вработен на работно место благајник и е извршено вработување на ново лице на работно место Советник за финансиски прашања и истите имаат обезбедено континуирана едукација согласно законските прописи.

Би сакале да потенцираме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство има донесено и прифатено акти кои што ја определуваат правната рамка за функционирање на Агенцијата, односно на нејзините сектори, одделенија и единици. Исто така, преку донесените процедури и постапки се овозможува нормално функционирање и работење во сите организациони единици на сите нивоа. Според Правилникот за внатрешна организација и за систематизација на работните места предвидени се 95 извршители, а пополнети се работни места со 65 извршители. Ваквата состојба произлегува од објективни причини во смисла на почитување на препораките на Владата на Република Македонија за антикризни мерки како и нерешеното финансирање на Агенцијата, а при тоа да не се наруши извршувањето на основните функции на Агенцијата. Директорот може да вработи лица нови лица исклучиво по добиена согласност од Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство и Собранието на РМ согласно Статутот и Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство.



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

**4.1.2 – Коментар:**

Агенцијата за цивилно воздухопловство има воспоставено организациска структура и процедури со кои се обезбедува целосно спроведување на интерните контроли при пресметка на приходи од надоместоци утврдени со Тарифник и Закон за воздухопловство. Определувањето и висината за основот за наплата се врзани со стручните надлежности на одделенијата, сметавме дека само тие имаат познавање за основот и висината на надоместокот врзан за основот и дека неможе да постои едно лице кое што ќе ги знае надлежноститте на сите одделенија и основите по кои што се наплаќаат надоместоците. Од друга страна немавме правен основ но сепак ќе превземеме најитни мерки за подобрување на интерните контроли.

Во врска со алинеја 2 и 3 и 4 и 5 од страна 9 Агенцијата ќе преземе мерки за тоа во извештаите прецизно да бидат наведени членовите врз основа на кои се пресметува надоместокот од страна на стручните одделенија и истиот да биде внесен како податок во фактурата за наплата. Сите овие промени ќе бидат изменети во внатрешната процедура во која јасно и детално ќе биде презициран процесот на пресметка за наплата на надоместокот и движење за одобрување на наплатата.

**4.1.3 – Коментар:**

Во врска со оваа препорака за спроведување на интерни контроли при пресметка на приходи од прелети целосно се почитува Процедурата за примена на регулативи и постапки за наплата на приходи од прелети од ЕУРОКОНТРОЛ. Агенцијата за цивилно воздухопловство изготви Акт со кој се задолжуваат сите вработени коишто имаат добиено релевантни документи по електронски пат, а кои подлежат на понатамошна сметководствена евиденција, да се заверуваат во архивата на Агенцијата.

Во врска со дополнителната контрола на приходите кои пристигнуваат од ЕУРОКОНТРОЛ невозможно е да се изврши контрола затоа што би било потребно да имаме паралелен систем како и CRCO, кој е премногу скап и бара ангажирање на премногу ресурси. Сакаме да укажеме дека согласно потпишаната мулилатерална спогодба со ЕУРОКОНТРОЛ сме се согласиле дека работењето на CRCO ќе подлежи



**Материјалот го иготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

на интерни и екстерни контроли/ревизии ќе ги доставуваат на усвојување на Привремениот совет на ЕУРОКОНТРОЛ. И во досегашното искуство немало никакви забелешки на работењето на CRCO. До 2008 година државните ревизори по однос на ова прашање го прифаќале извештајот од ревизијата на CRCO и истиот бил во прилог на конечниот извештај, а Ревизорскиот извештај од CRCO за 2011 година ви го доставуваме во прилог. Ние имаме доверба во системот на ЕУРОКОНТРОЛ и не сметаме дека треба да го проверуваме дополнително. На мислење сме дека со овие мерки состемот е ревидиран и прифатен од сите 39 земји членки, а државата има обврска да ја прифати оваа ревизија.

**4.1.4 – Коментар:**

Агенцијата за цивилно воздухопловство согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола работи во координација со Секторот за ЈВФК при Министерството за финансии, до нив се испратени сите барани документи, досега немало никакви забелешки од нивна страна и ги следи сите обуки согласно нивните барањата. Формирано е Одделението за внатрешна ревизија согласно Правилникот за систематизација на работни места, назначен е Внатрешен ревизор чие што Решение за работно место ви го имаме доставено, вработен е финансиски советник и прераспредлен е благајник, а предвидено е вработување на уште двајца – (2) Внатрешни ревизори.

## 4.2 ЗАБЕЛЕШКИ ПО УСОГЛАСЕНОСТ СО ЗАКОНИ И ПРОПИСИ

**4.2.1 – Коментар:**

Би сакале да ве информираме дека начинот на вршење на инспекторски надзор вклучувајќи ги и инспекторските легитимации се предмет на контрола и на меѓународните организации како што се EASA и ICAO и истите немаат утврдено никаква недоследност во работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство при вршење на инспекциски надзор и по однос на постојните инспекторски легитимации кои што ги користат инспекторите. Сакаме да укажеме дека инспекторите поседуваат легитимации кои биле валидни и со кои можеле да се



**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

легитимираат, дека истите се согласно стандардите на EASA за чија што успешност и професионално достигнување говорат и наодите од SAFA стандардизираната инспекција за 2011 година, за што е информирана и Владата на Република Македонија.

Во врска со постапката за стекнување инспекторско овластување, сакаме да нагласиме дека во Агенцијата за цивилно воздухопловство, овластувањата се издаваат во согласност со Законот за воздухопловство и врз основ на утврдена Процедура за начинот, постапка за стекнување на инспекторски овластувања и врз основа на Правилник за инспекторски легитимации („Службен весник на Република Македонија број 23/09"). Исто така издадени се нови решенија за инспекторски овластувања со важност до 28.02.2013 година и лимитирани се овластувањата за SAFA инспекторите во согласност со Правилникот.

**4.2.2 – Коментар:**

Во врска со Пописот би сакале да Ве напоменеме дека Правилникот за начинот и роковите за вршење на Попис како и наведените членови од Законот за трговски друштва не предвидуваат прикажување на паричните средства во апоени. Пописот со датум 31.12.2011 година има извршено усогласување на сметководствена и фактичка состојба, истиот Ви беше доставен на увид.

**4.2.3 и 4.2.4 – Коментар:**

Агенцијата за цивилно воздухопловство располага со интегриран систем за материјално финансиско работење кој овозможува комплетно материјално книговодство. Се превземаат активности за целосно поврзување на магацинот со финансиската евиденција и беше назначено лице одговорно за магацин.



**Материјалот го иготви:**

1. ____________
2. ____________
3. ____________

## 4.3 ЗАБЕЛЕШКИ ПО ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**Биланс на успех**

**4.3.1 – Коментар:**

Во врска со оваа забелешка, Алинеја 1, 3 и 4 сакаме да укажеме дека de jure и de facto аеродормите во Скопје и Охрид и М – НАВ АД Скопје се природни монополи и даватели на услуги во воздухопловна навигација дезигнирани од Собранието на Република Македонија со член 53 став 2 од Закон за воздухопловство, од страна на Владата на Република Македонија со Одлука за дезигнација број 41 – 2984/1 од 08.05.2012 година, како и Концесискиот договор регулиран со член 87, член 88 и член 90 од Законот за воздухопловство што е во согласност со член 68 од Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство. Дополнително, Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловна навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење, во која се транспонирана Регулативата 550/2005 („Службен весник на Република Македонија“ бр.114/08) каде е наведено дека Владата на Република Македонија го регулира ова екслузивно право за давање на услуги во воздухопловната навигација.

Со оглед дека и аеродромите и контролата на летање се дезигнирани од државата односно од Владата на Република Македонија на екслузивна основа согласно Конвенција за цивилно воздухопловство, Законските и подзаконските одредби кои се наведени горе во текстот, сметаме дека не се нарушени конкурентските услови и нееднаквиот третман на пазарот за работа во Република Македонија туку е постапено согласно сите прописи за да се овозможи континуитет на работата на овие даватели на аеродормски и услуги на воздухопловна навигација.

Дополнително, Агенцијата за цивилно воздухопловство ги издаде Уверението за исполнување на безбедносни услови на аеродормите Скопје и Охрид и Давателот на услуги на воздухопловна навигација врз основа на член 53 став 3 односно член 73 став 1 од Законот за воздухопловство. При оваа постапка Агенцијата за цивилно воздухопловство била должна да го почитува член од 9 од Конвенцијата за цивилно воздухопловство, а која ги регулира забранетите зони



**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

односно затварање на аеродормите и воздушниот простор. Врз основа на член 58 став (1) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број: 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12 и 80 12), Владата на Република Македонија, донесе Уредба за организацијата и користењето на воздушниот простор („Службен весник на Република Македонија" број: 63/11).

Со оваа Уредба се пропишува организацијата и користењето на воздушниот простор, како и начинот на управување со воздушниот простор на Република Македонија во контекст на Единственото европско небо. Управувањето со воздушниот простор се спроведува на начин со кој им се обезбедува на корисниците на цивилниот и воениот воздушен простор уважување на економските, безбедносните и одбранбените услови, врз основа на утврдени правила за приоритет, а во согласност со ЕУ Регулативите 551/2004, 2150/2005 и 730/2006 кои се преземени согласно Анексот 1 од Мултилатералната спогодба за основање на Европска заедничка воздухопловна област ("Службен весник на Република Македонија" број: 27/07 и 98/09), дадени во Прилог кој е составен дел на оваа уредба. Управувањето со воздушниот простор се темели врз начелото на цивилно – воената координација помеѓу субјектите на Република Македонија кои се одговорни за управувањето со воздушниот простор и се спроведува на стратешко, пред тактичко и тактичко ниво, преку спогодби и воспоставување на постапки/процедури со цел да се зголеми безбедноста и капацитетот на воздушниот простор и да се подобри ефикасноста и флексибилноста на воздушниот сообраќај. Ова исклучиво право, во врска со јавната безбедност, и е дадено на државата за да забранува аеродроми и давање на услуги во воздухопловна навигација. Исто така, Владата на Република Македонија го регулирала ова врз основа на член 58 став 3 од Законот за воздухопловство со формирање на Цивилно – воен Комитет и со решение на Владата на Република Македонија со број 51 –35557/1 од 30 јули 2011 година истиот е формиран и согласно Законот за воздухопловство за координатор е избран преставник од М – НАВ АД Скопје. Во согласност со член 9 од Уредба за организацијата и користењето на воздушниот простор („Службен весник на Република Македонија" број: 63/11) точка в) Комитетот ги иницира и одобрува измените на опасните и условно забранетите зони во ATS и TRAs; со што согласно Законот за воздухопловство и Уредбата се дава право на овој Комитет да утврдува забранети зони со што ингеренциите на



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

Агенцијата за цивилно воздухопловство како надлежност да го забрани меѓународниот аеродром и аеродромски услуги и воздушните рути и давањето на услуги на воздухопловна навигација повеќе непостојат и ова е регулирано согласно ЕУ Регулативата преземена со оваа Уредба.

Согласно Конвенцијата можноста да забранува и запира воздушен сообраќај на аеродорми и рути за воздухопловна навигација е во рацете на државата, а не во рацете на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Во согласност со Член 8 од Уредбата став (1) Управувањето со воздушниот простор кое ги опфаќа креирањето (организацијата и структурата), класификацијата, флексибилното користење на воздушниот простор, како и другите функции кои имаат за цел максимално користење на расположливиот воздушен простор, го врши Цивилно – воениот комитет како одговорен за стратешкото управување со воздушниот простор. Став (2) Општите правила за управување со воздушниот простор се дадени во ЕУ Регулативата 2150/2005 дадена во Прилог на оваа уредба.

Сакаме да укажеме дека покрај почитување на Конвенцијата за цивилно воздухочловство, Агенцијата за цивилно воздухопловство ја почитува и Европската регулатива односно во согласност со став (3) од Уредбата Агенцијата ја извести Европската комисија, за субјектот кој е одговорен за извршување на задачите во врска со стратешкото управување со воздушниот простор (ASM ниво 1) во согласност со член 4 (3) од ЕУ Регулативата 2150/2005 дадена во Прилог на оваа уредба. Со оглед на фактот дека Цивилно – воениот комитет ги иницира и одобрува измените на опасните и условно забранетите зони во ATS и TRAs, согласно Законот за воздухопловство член 58 став 3 Комитетот е составен од претставници на Министерството за транспорт и врски, М – НАВ АД Скопје, Агенцијата за цивилно воздухопловство, Министерството за одбрана и Министерството за внатрешни работи и одлуката за затворање на аеродормотите и воздушниот простор мора да се донесе со консензус и одобрение од Владата на Република Македонија. Тоа значи дека во согласност со Законот за воздухопловство, Агенцијата за цивилно воздухопловство за исполнување на безбедносните услови издала сертификат/уверение за исполнување на безбедносните услови но нема можност да го затвори аеродормот или М – НАВ АД Скопје за неплаќање затоа што тоа е спротивно на Конвенцијата за цивилно воздухопловство и Уредбата каде



**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

таква одлука донесува Цивилно – воениот Комитет во интерес на националната безбедност и сигурност.

Врз основа на горе изнесеното сакаме да ве увериме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство постапила во согласност со Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство, Законот за воздухопловство, член 53, 54 и 55 од Тарифникот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, Уредбата за организацијата и користењето на воздушниот простор („Службен весник на Република Македонија" број 63/2011), Одлука на Управен одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство за усогласување на износите од побарувањата на АЦВ кон ТАВ Македонија со број 02 – 818/1 од 31.05.2012 година и член 87, член 88 и член 90 од Законот за воздухопловство, како и по Заклучок на Владата на РМ извадокот од точка 3 од нацрт Записникот на 37 затворена седница на Владата на РМ одржана на 24.04.2012 година, со број 51 – 8091/1 од 25.04.2012 година, дописите на Министерството за транспорт и врски, дописите на ТАВ Македонија и М – НАВ АД Скопје со што е обезбеден континуитет во воздушниот транспорт и се избегнати огромни тужби што Агенцијата за цивилно воздухопловство и Република Македонија би ги плаќала доколку го запревме воздушниот сообраќај.

Дополнително, сметаме за сходно да укажеме дека нема да дозволиме Агенцијата за цивилно воздухопловство да биде виновна за сите последици од донесени правни акти (законски, подзаконски, одлуки и заклучоци) со кои ниту се решило финансирањето на Агенцијата за цивилно воздухопловство ниту пак се дале услови за нормална работа на оваа мошне значајна институција за на крај сите проблеми да се решаваат со Внатрешни процедури.

Во врска со вашето укажување дека корисниците се ставени во нерамноправна положба, сметаме дека истото е неприменливо затоа што и аеродормите и давателот на услуги во воздухопловна навигација даваат услуги на екслузивна основа, работат во насока на остварување на јавен интерес и се контролирани од страна на државата во насока на обезбедување на јавната безбедност и сигурност. Имено во согласност со член 53 став 2 од Законот за воздухопловство Собранието на Република Македонија го дезигнира давателот на услуги во воздухопловна навигација со посебна одлука.

Исто така од Ваша страна не е утврдено дека внатрешната процедура на која што се повикувате е стара процедура која што се базира на стар Тарифник број 02 – 403/2 од 16.02.2011 година кој што



**Материјалот го иготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

веке е укинат. По тој Тарифник донесени се уште два нови Тарифника под број 02 – 1814/2 од 30.09.2011 година и сегаважечкиот Тарифник донесен под број 01 – 2373/2 од 28.12.2011 година. Важечкиот Тарифник беше изменет во март 2012 година и заведен под под број 01–167/3 од 01.03.2012 година. Со овие измени во членот 58а е дадена можнст: „да отпочнатите постапки пред Агенцијата за кои важечкиот Тарифник се смета за поповолен пропис да се примени важечкиот Тарифник“ донесен во 2012 година. Според тоа на сите постпаки почнати пред донесување на важечкиот Тарифник од 2012 година се применил важечкиот Тарифник број 01 – 2373/2 од 28.12.2011 година како поповолен пропис што е во согласност и со Уставот на Република Македонија. Со оглед на фактот што Тарифникот бил сменет, а по новиот Тарифник нема направено нова внатрешна процедура произлегува дека внатрешната процедура која Вие ја цитирате донесена по укинат Тарифник е неважечка.

Ова покажува дека согласно важечкиот тарифник не постои обврска за надоместоците да се уплаќаат со поднесување на барањето туку може да се наплатат и по завршување на постпаката по слободно наоѓање на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Исто така би сакале да укажеме дека при определувањето на начинот на наплата на надоместоците Вие треба како ревизија да се држите на Тарифникот, а не на внатрешната процедура која што воопшто не е пропис и која што е наменета само да ја опише внатрешната организација на работата на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

По однос на Алинеја 2 од забелешката согласно измените во Тарифникот 01 – 167/3 од 01.03.2012 година дадена е можност за плаќање по завршување на постапката. Според тоа не може да се пресметува затезна камата кога е даден рок на одложено плаќање. Агенцијата за цивилно воздухопловство води сметка да не дојде до застареност на побарувањата каде што е дадена можноста за плаќање по завршување на постапката согласно Тарифникот и соодветно ќе превзема мерки пред надлежните судови и пред Владата на РМ.

**4.3.2 – Коментар:**

Промените во однос на намалувањето на побарувањата од Операторот на аеродроми се направени со Одлука на Управен одбор



**Материјалот го изготви:**

1. ________________
2. ________________
3. ________________

број 02 – 818/1 од 31.05.2012 година и по Заклучок на Владата на Република Македонија точка од нацрт Записникот на 37 затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 24.04.2012 година со број 51 – 8091/1 од 25.04.2012 година, а поради усогласување на дел од Тарифникот и важечките прописи пред потпишувањето на Концесискиот договор со концесионерот. По однос на наплатата на надоместокот за издавање на Уверение пред поднесување на барање објаснувањето Ви е дадено во претходната точка (види 4.3.1)

**4.3.3 – Коментар:**

Во однос на препораките за обезбедување на документ за дел од побарувањата истите се утврдени со пописот за 2010 година.

Останатите побарувања произлегуваат од Делбениот биланс и се однесуваат на побарувања од минати години. На првиот консултативен состанок со вработените од М – НАВ АД Скопје утврден е основот на побарувањата. Раководството на Агенцијата за цивилно воздухопловство презема обврска за дополнително анализирање на случаите со што ќе овозможи правилно постапување и соодветно книжење во трговските книги во следниот период по утврдување на состојбата.

**4.3.4, 4.3.5 (алинеја 1 и 2) и 4.3.6 – Коментар:**

Во врска со сведување на побарувањата од ЕУРОКОНТРОЛ во висина на реалните проценти за наплата за соодветните години ќе спроведе детално испитување на сметководствената евиденција на побарувањата на ЕУРОКОНТРОЛ почнувајќи од 01.07.2009 година односно по поделбата со М – НАВ АД Скопје. По одржаниот состанок со М – НАВ АД Скопје констатурано е дека побарувањата спрема ЕУРОКОНТРОЛ се збирни (заеднички) со што Агенцијата за цивилно воздухопловство превзема обврска за сведување на реалните побарувања односно на делот којшто се однесува на Агенцијата за цивилно воздухопловство. Под ваква детално испитување ќе подлежат и побарувањата од ЕУРОКОНТРОЛ за кој е направена исправка на вредноста, а кои потекнуваат од минати периоди. Оваа постапка е постојано во тек и ги исправаме опашките од претходните раководста и неревидираните извештаи од минатите години.



**Материјалот го иготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

**4.3.5 – Коментар:**

Во врска со забелешка во алинеја 3 согласно Законот за прекршоци и Законот заоздухопловство Агенцијата за цивилно воздухопловство констатира прекршок и му дава Платен налог со рок од 8 дена на сторителот. Доколку странката не го плати во рок од 8 дена тогаш предметот се префрла во суд односно се поведува прекршочна постапка и со тоа престануваат сите побарувања на Агенцијата за цивилно воздухопловство по однос на тој предмет.

Со поведувањето на прекршочна постапка предметот се префрла во надлежност на суд и доколку судската постапка заврши со изрекување на казна глоба за физичко или правно лице таа глоба не се плаќа на сметка на Агенцијата за цивилно воздухопловство туку се плаќа на сметка на Република Македонија односно на судски буџет и со тоа Агенцијата за цивилно воздухопловство нема никаква поврзаност за да врши соодветно книжење во сметководствена евиденција по судски Решенија.

**4.3.6 – Коментар:**

Одговорните лица на Агенцијата за цивилно воздухопловство постојано превземаат активности за обезбедување на тековни состојби од фирмите од Централен регистар на Република Македонија кои имаат сомнителни и спорни побарувања и по утврдувањето на релевантни докази за утврдување на состојбата во соработка со Управниот одбор на Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе донесат Одлука за спроведување на соодветна евиденција.

**4.3.7 – Коментар:**

Во врска со оваа точка Агенцијата за цилно воздухопловство поседува докази за ова побарување и истото произлегува од Договорот за закуп помеѓу Агенцијата и ПУИК со број 03 – 1368 од 28.04.2006 година во кој во член 4 јасно е прецизирана обврската на закупецот да обезбеди депонирање на средства во висина од три месечни закупнини.

Основот за побарувања према државните институции се јавува врз основ на повеќе уплатени аконтации за данок на добивка во текот на 2007 година кој е почетна состојба на конто 174 во 2008 година.



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

## 4.4 ЗАБЕЛЕШКИ ПО КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА СОГЛАСНО ЗАКОНСКИТЕ ПРОПИСИ

### 4.4.1 – Коментар:

Ве информираме дека во документот кој се однесува на исплатата на награда на вработените во Агенцијата што е во надлежност на истата не се споменува исплата на дивиденда туку станува збор за (распределба на награда). Имено Агенцијата односно Управниот одбор на Агенцијата согласно ЗТД и својот статут донесува предлог одлука за усвојување на завршна сметка и воедно финансиски план за работа за 2011 година која се доставува на конечно усвојување од страна на Основачот, Собранието на Република Македонија.

Собранието на седница го разгледува и усвојува Предлог Годишниот Финансиски План на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година со што дава и согласност за исплата на награда на вработените која претставува дел од Годишниот Финансиски План како средство за стимулација на вработените.

Исплатата на наградата во износ од 18.81% од платата на сите вработени е донесена врз основа на Одлука 02/469-1 од 28.02.2011 година од Управниот одбор за усвојување на годишна сметка за период од 15.10.2010 година до 31.12.2010 година и распоредување на Нето добивка за финансиската година на Агенција за Цивилно Воздухопловство. Истата одлука е усвоена од страна на Основачот на Агенцијата за Цивилно Воздухопловство односно Собранието на Република Македонија што е објавена во Службен Весник бр 14/2011 Одлука Бр. 07-648/1 во прилог.

Од горенаведеното е евидентно дека и Управниот одбор на Агенција за цивилно воздухопловство и Директорот работеле согласно Одлука од страна на Собранието и во согласност со законските правила и прописи донеле Одлука односно Решение за исплата на награда.

Постапено е согласно член 480 став 1 односно по член 483 став 4 (дополнителните издатоци врз основа на Одлуката) од Законот за Трговски Друштва, донесена од страна на Собранието на РМ, а по предлог на Управниот одбор на Агенција за Цивилно Воздухопловство.

Понатака Управниот Одбор му дава согласност на Директорот преку Одлука бр.02-1413/2 од 29.07.2011 година да донесе Решение за



**Материјалот го изготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

распределување на награди за вработените во Агенцијата за цивилно воздухопловство.

Решението се носи во согласност со Член 16 од општиот колективен договор за вработени во Јавниот сектор и согласно Правилникот за плати член 6 каде се предвидува дека делот од плата за работна успешност е променлив дел од платата и неговата висина може да изнесува најмногу до 20% од основната компонента на работникот.

Во Решението на Директорот се постапува согласно донесената Одлука од Управниот Одбор и истата е во законска согласност.

**4.4.2 – Коментар:**

Агенцијата за цивилно воздухопловство постапува согласно законската регулатива, известени се вработените, Управниот одбор, изготвени се опомени пред тужба со определен законски рок и се спроведува наплата на побарувањата на тужба пред надлежен суд.

**4.4.3 – Коментар:**

Во врска со оваа точка сакаме да Ве нформираме дека во 2011 година имаме формирано Комисија врз основа на што се исправени недостатоците. Постапката продолжила и во 2012 година со што е постапено согласноЗаконот за работни односи.

## 6. ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАГЛАСУВАЊЕ НА ПРАШАЊА ЗА НЕИЗВЕСНОСТ ИЛИ КОНТИНУИТЕТ

**Сметководствена рамка на известувње**

Агенцијата за цивилно воздухопловство на 15.10.2010 година е регистрирана во Централен регистер на Република Македонија и почнала да го води сметководството по Закон за трговски друштва и за истотото е известено Собранието на Република Македонија.

**6.1 – Коментар:**

Во врска со оваа препорака истата би донела конфузија во усогласувањата на трошоците помеѓу М – НАВ АД Скопје и Агенција за



**Материјалот го иготви:**

1. ____________________
2. ____________________
3. ____________________

цивилно воздухопловство како еден систем и истата е спротивна на Одлуката и Уредбата на Владата на Република Македонија, на Регулативите на Европската унија и конвенцијата на ЕУРОКОНТРОЛ, и имплемнтација на истата може сериозно да го наруши угледот на Агенцијата и Република Македонија и да не искучи од системот за наплата на прелети воведен од ЕУРОКОНТРОЛ и да донесе финансиски загуби од истата постапка.

Во врска со оваа препораката да се превземат мерки за воведување на сметководство согласно со Законот за сметководство на непрофитни организации должни сме да укажеме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство го води своето сметководство во согласност со барањата на Европската комисија и ЕУРОКОНТРОЛ односно во согласност со Регулативата ЕЗ 1794/2006 за утврдување на заеднички систем за наплата на услугите за воздухопловна навигација.

Имено, оваа Регулатива во македонскиот правен систем е транспонирана преку Одлука на Владата на Република Македонија за висината и начинот на наплата и распределување на надоместокот за користење на услугите на воздухопловна навигација објавена во („Службен весник на Република Македонија број 147/2008 година"). Во оваа Одлука во Прилог 1 е Регулативата 1794/2006 со која се утврдува заеднички систем за наплата на услугите за воздухопловна навигација, како и Прилог 2 – Конвенцијата за наплата на прелети на ЕУРОКОНТРОЛ.

Во согласност со член 5, точка 2 од Прилог 1 од Регулативата ЕЗ 1794/2006 се дадени трошоците на Агенцијата кои се признаваат од страна на ЕУРОКОНТРОЛ и Европската комисија.

Дополнително, во член 6 од истата Регулатива кој носи наслов Пресметување на трошоците, а се повикува на горецитираниот член 5 се укажува дека трошоците треба да бидат усогласени со сметките од член 12 од Регулативата 550/2004 и дека неповратните влијанија кои се протегаат од воведување на Меѓународните сметководствени стандарди не треба да бидат подолги од 15 години.

Согласно Регулативата 550/2004 која е транспонирана како прилог на Уредбата за начинот на давање на услугите на воздухопловната навигација, како и посебните услови во однос на потребниот персонал, опремата и другите посебни услови неопходни за безбедно и уредно работење („Службен весник на Република Македонија", број 114/08), Агенцијата е должна да го усогласи својот систем со член 12 од оваа



**Материјалот го изготви:**

1. ____________
2. ____________
3. ____________

Регулатива за транспарентност на сметките како што тоа го бара Европската комисија, односно да го прифати меѓународниот сметководствен стандард како што тоа го бара Европската заедница и ЕУРОКОНТРОЛ. Имено, Агенцијата за цивилно воздухопловство функционира како регулатор кој ги промени своите принципи на пресметка токму врз основа на овие барања на Европската заедница и ЕУРОКОНТРОЛ, а додека Давателот на услуги во воздухопловната навигација е пак друг посебен субјект.

Сакаме да потенцираме дека трошоците за давање на услугите утврдени во член 5, точка 2 од Регулативата ЕЗ 1794/2006 ги предвидува трошоците за активностите на регулаторите и ваквиот принцип на пресметка се применува кај сите воздухопловни власти во земјите членки на Европската Унија.

Врз основа на горе изнесеното, сакаме да укажеме дека Агенцијата за цивилно воздухопловство го води своето сметководство врз основа на барањата на ЕУ, ЕУРОКОНТРОЛ и ја почитува Одлуката на Владата на Република Македонија. За истото е известено и Собранието на Република Македонија и Управниот одбор кои го усвоија финансискиот извештај, завршната сметка и ревизорскиот извештај за 2011 изготвен од независен ревизор како што тоа го бара Уредбата.

Имено Агенцијата за цивилно воздухопловство е должна да го усогласи своето сметководвствено работење со меѓународниот сметководствен стандард односно со сметководството на давателите на услуги на воздухопловна навигација во случајот со М – НАВ АД Скопје и со оваа постапка сме постапиле во согласност со Одлуката на Владата на Република Македонија, Конвенцијата на ЕУРОКОНТРОЛ за наплата и надоместок на прелети како и Европската регулатива 1794/2006 како и Мултерателарната спогодба за Европска заедничка воздухопловна област.

Исто така во измените и дополните на член 13 од Законот за воздухопловств („Службен весник број 80/2012"), Законот дава обврска за изготвување на финансиско – сметководствените извештаи изработени во согласност со меѓународните стандарди за финансико известување.



**Материјалот го иготви:**

1. ______________
2. ______________
3. ______________

**6.2 – Коментар:**

Агенцијата за цивилно воздухопловство целосно се согласува со Вашата забелешка дека со предложените начини на финансирање на Агенцијата од Законот за воздухопловство не се обезбедува стабилен извор за финансирање, меѓутоа поаѓајќи од фактот дека Законот за воздухопловство го изготвува Министерството за врски а не Агенцијата, сметаме дека Агнецијата не е во можност да постапи по вашата забелешка. За овој проблем во врска со решавањето на прашањето за финансирањето на Агенцијата за цивилно воздухопловство сметаме дека одговорно за носењето на Законот за воздухопловство е Министерството за транспорт и врски и Собранието на РМ, а ние сме должни да им укажеме и се надеваме дека истото прашање ќе се реши позитивно во периодот што следи зошто немаме законски ингеренции во поглед на решавањето на овој проблем. Во врска со истото се запознати ЗПВРМ задолжен за економски прашања, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Европската комисија, ЕУРОКОНТРОЛ и EASA.

**6.3 – Коментар:**

Во врска овие констатации Агенцијата за цивилно воздухопловство има обврска да Ве информира дека побарувањата се усогласени согласно препораките со Одлука на Управен одбор број 02 – 818/1 од 31.05.2012 година и по Заклучок на Владата на Република Македонија точка од нацрт Записникот на 37 затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 24.04.2012 година со број 51 – 8091/1 од 25.04.2012 година.



**Материјалот го изготви:**

1. ____________
2. ____________
3. ____________

**Одговор на забелешки**
**на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 24.11.2012 година, примени се забелешки од одговорното лице на Нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2011 година, број 05-1505/4, 05-1505/5 од 23.11.2012 година, заведени во Државниот завод за ревизија со архивски број 18-124/6 од 24.11.2012 година.
Овластениот државен ревизор ги разгледа забелешките на Нацрт извештајот, кои се однесуваат на одделни точки во воведот, на наодите и препораките, на делот за нагласување на прашањата за неизвесност и континуитет и по однос на резимето, и по истите се произнесе како што следува:

1. Во врска со делот на забелешките - насловени како „коментар", дадени на **Резимето** кое што произлегува и е резултат на констатациите дадени во наодите од Нацрт извештајот, ревизијата дава посебно образложение на поединечните забелешки по наодите како одговор на истите, во натамошниот текст од одговорот на забелешките. Доколку некоја од забелешките биде прифатена истата ќе влијае и на соодветна измена во текстот во резимето, поради што не се дава посебен одговор.

2. Забелешките односно коментарот со предлог за дополнување на **точка 1.3 и 1.4** од Воведот во Нацрт извештајот, кои се однесуваат на извршена/неизвршена ревизија од страна на Државниот завод за ревизија во претходниот период и одговорноста на раководството на субјектот за финансиските извештаи, **не се прифаќа**. Содржината на овие две точки во извештајот е согласно Законот за државната ревизија, стандардите на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) пропишани за примена во Република Македонија, Методологијата, правилниците и упатствата за вршење на ревизија донесени од Државниот завод за ревизија. Исто така, ревизијата смета за потребно да нагласи дека, согласно член 9-г и 9-д од Законот за воздухопловство и член 15 и 16 од Статутот на АЦВ, директорот раководи со работата на Агенцијата и е одговорен за законитото работење на истата со надлежност, покрај другото, да изготвува финансиски извештај со завршна сметка, кои што се предмет на финансиска ревизија од страна на Државниот завод за ревизија.

3. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.1.1** од Нацрт извештајот, што се однесува на необезбедени објективни услови за почитување и спроведување на донесените процедури и постапки од аспект на финансиска контрола согласно одредбите од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, преку оцена на системот на интерни контроли во 2011 година, **не се прифаќа**, од причина што во коментарот дадени се причините

поради кои не е воспоставена целосна финансиска контрола, кое што не го ослободува субјектот од обврската за нејзино воспоставување и имплементирање преку соодветен стручен кадар согласно Законот за воздухопловство и Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Како резултат на наведеното, со ревизијата утврдени се одредени слабости во функционирањето на системот на интерни контроли кај приходите, за што е дадено образложение во наодот во точка 4.1.2 и 4.1.3 од Нацрт извештајот.

4. Забелешките – коментарот на наодот во **точка 4.1.2** со алинеи од 1 до 5 од Нацрт извештајот, кој се однесува на утврдени слабости во процесот на пресметување и наплата на надоместоците согласно Тарифникот и Законот за воздухопловство, поради што постои ризик од погрешно пресметување и искажување на приходите по овој основ во 2011 година, **не се прифаќаат,** од причина што не се работи за познавање на надлежностите на одделенијата и основите по кои се наплаќаат надоместоците туку за воспоставување на финансиска внатрешна контрола на секој процес во сите организациони делови и на сите нивоа, во кои спаѓа и процесот на пресметка и наплата на приходите, на начин опишан во одделни алинеи од наодот. Вториот дел од коментарот на субјектот, се однесува на преземање мерки и активности во наредниот период за отстранување на слабостите искажани во алинеите 2, 3, 4 и 5 од наодот во извештајот.

5. Забелешките – коментарот на наодот во **точка 4.1.3** од Нацрт извештајот, која се однесува на непостапување по Процедурата за примена на регулативи и постапка за наплата на приходи од прелети од Еуроконтрол, Брисел, од 26.03.2010 година и Уредбата за канцелариско работење односно неевидентиран прием на месечните прегледи примени по електронски пат, преку архивата на АЦВ, за приходот остварен од надоместоци за прелети во 2011 година, кој во име и за сметка на РМ ги фактурира и наплатува Еуроконтрол, Брисел, како и неприложена комплетна и уредна документација за потврда на основот и износите во збирните месечни прегледи, **не се прифаќаат.** Во забелешките не се доставени дополнителни докази за промена на наодот при што ревизијата смета за потребно да нагласи дека не се работи за контрола на системот на Еуроконтрол, туку за необезбеден соодветен систем на внатрешна сметководствена контрола во рамките на АЦВ, што беше констатирано и со извршената ревизија од ДЗР за 2008 година.

6. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.1.4** од Нацрт извештајот, која се однесува на неосновано одделение за внатрешна ревизија во 2011 година, **не се прифаќа,** поради тоа што, како што е наведено и во самиот наод и во забелешките, во текот на 2012 година, по завршувањето на

ревизијата, пополнето е само едно работно место од вкупно 3 систематизирани работни места во ова одделение.

7. Забелешките – коментарот на наодот во **точка 4.2.1** од Нацрт извештајот, што се однесува на необезбедени услови за навремено спроведување на постапката за стекнување на инспекторско овластување и замена на времените решенија за инспекторски овластувања во рокот предвиден со Процедурата, од јули 2011 година и непреземени активности за издавање на службени легитимации за овластените воздухопловни инспектори, **не се прифаќаат,** од причина што во забелешките не се доставени дополнителни докази кои ќе ја оспорат состојбата искажана во наодот која е утврдена на база на законските прописи и подзаконски акти што важат во Република Македонија.

8. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.2.2** од Нацрт извештајот, кој се однесува на неизвршен попис на паричните средства во благајните и попис на побарувањата и обврските со состојба на 31.12.2011 година согласно законските прописи, **не се прифаќа,** поради недоставени дополнителни докази за промена на утврдената состојба. Комисијата за попис, при вршењето на пописот има обврска да изврши подетално утврдување, броење и внесување на тие податоци во пописните листи.

9. На наодите во **точка 4.2.3 и 4.2.4** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на воведување на сметководствена и материјална евиденција на материјалите на залиха и на ситниот инвентар, амбалажа и автогуми на залиха и во употреба, како и ажурирање на книгата на основни средства, согласно законските прописи, **претставува известување** на субјектот за преземање на активности за поврзување на магацинот со финансиската евиденција и воведување на соодветните евиденции.

10. Забелешките – коментарот на наодот во **точка 4.3.1** од Нацрт извештајот, кој се однесува на нередовно фактурирање и наплата на надоместоците од подносителите на барањата согласно начинот пропишан во Внатрешна процедура и упатство за негова примена, донесени врз основа на Тарифник и Закон за воздухопловство, нецелосно почитување на донесените пишани процедури и постапки, како и законските прописи и подзаконски акти од лицата задолжени за пресметка и наплата на надоместоците по доставени барања од субјектите, непреземање на мерки за наплата на побарувањата од субјектите кои не го измириле долгот согласно законските прописи и неизвршено усогласување на побарувањата со корисниците на услуги најмалку еднаш годишно на крајот на секој пресметковен период, **не се прифаќаат**, за што се дава следното образложение:

- Образложението кое што е дадено во врска со аеродромите и давателот на услуги на воздухопловната навигација со цитираните законски прописи и подзаконски акти, како и Меѓународната конвенција за цивилно воздухопловство, со кои се пропишува организацијата и користењето на воздушниот простор, како и начинот на управување со воздушниот простор на Република Македонија во контекст на Единственото европско небо, е ирелевантно за утврдените констатации и не е во насока на констатираниот наод на овластениот државен ревизор.
- Во забелешките е наведено уверението за исполнување на безбедносните услови кое АЦВ го издава на М-НАВ, како давател на услуги на воздухопловна навигација, согласно член 53 став 4 од Законот за воздухопловство, кое воопшто не е спомнато во наодот, односно не се работи за ова уверение, туку за неевидентирани побарувања и неискажан приход од извршени услуги по основ на издавање, продолжување, измена и обнова на дозволи и уверенија, овластувања и авторизации, за што се спроведени постапки во надлежните одделенија по доставените барања од страна на М-НАВ.
- Во текот на 2011 година, која што е предмет на ревизија, во примена се двата Тарифника, од кој едниот е донесен и е со важност од 16.02.2011 до 03.10.2011 година, а вториот е донесен и е со важност од наведениот датум до 31.12.2011 година, што значи дека третиот Тарифник, од 28.12.2011 година, со важност од 01.01.2012 година со кој што се цитираат одредени членови, не е релевантен и не е применлив за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2011 година.
- Двата тарифника донесени во 2011 година не се разликуваат во нивната содржина односно ги содржат истите одредби за надоместоците по видови и области во точка 2 и 3, истиот начин на пресметување и наплата на надоместоците, како и истите заеднички одредби кои се однесуваат на можноста за одложено плаќање во рок утврден во фактурата, само во определени случаи односно кога е поднесено барање и одобрено од директорот, како и преземање на мерки согласно законските прописи доколку подносителот на барањето не изврши плаќање ниту во дополнителниот рок, кој не е подолг од 15 дена. Од претходно наведеното следи дека внатрешната процедура од 18.02.2011 година, со која се регулира внатрешната организација во Агенцијата за пресметка и наплата на надоместоците, која што се базира и не смее да отстапува од одредбите на двата тарифника е применлива, `се додека не се изменат начинот на пресметка и наплата на надоместоците. Донесувањето на внатрешни процедури за работа е задолжителна обврска на директорот согласно член 9-д став 1 алинеја 3 од Законот за воздухопловство и член 16 став 1 алинеја 3 од Статутот, меѓу кои влегува и донесувањето на внатрешна процедура, согласно член 62 од двата Тарифника, донесени во 2011 година.

- Во двата тарифника, кои се однесуваат и применуваат за 2011 година, која е предмет на ревизија, во член 3 став 2 е наведено дека „надоместоците од став 1 на овој член се уплатуваат при поднесување на барањето за издавање, продолжување, обновување или промена на уверенија, дозволи, одобренија, согласности и друго, и истите не се рефундираат“, и во член 51 став 4 во кој е наведено дека „барателот е должен да го уплати надоместокот за континуиран надзор пред да му се предаде решението за издавање, продолжување, обновување или промена на уверенија, одобренија, и друго за кое има поднесено барање“. Кај утврдените состојби ревизијата се базираше на цитираните одредби од тарифниците што важат за 2011 година, а не на одредба од тарифник, наведен во забелешките, кој важи и се применува од 01.01.2012 година.
- Ревизијата смета за потребно да истакне дека констатациите утврдени во наодот 4.3.1 со 5 алинеи, се однесуваат на завршени постапки по поднесени барања, за кои се извршени услуги и за кои корисниците имале обврска да платат соодветен надоместок, кој ненавремено бил платен или пак воопшто не го платиле до денот на ревизијата, а АЦВ не спровела соодветни книжења во својата сметководствена евиденција или не преземала мерки за наплата согласно законските прописи.

11. Забелешките – коментарот на наодот во **точка 4.3.2** од Нацрт извештајот, кој се однесува на неизвршена наплата на надоместоци од областа на аеродроми и аеродромски услуги во 2011 година (надоместок за уверение и надоместок за континуиран надзор) на начин пропишан во процедурата и важечкиот Тарифник, за што е извршено намалување на побарувањата во јуни 2012 година, **не се прифаќаат,** од причина што документацијата која што е наведена во забелешките од субјектот, ревизијата ја имаше во предвид и истата е цитирана во точка **6.3** – во делот „Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет“, како и согласно образложението наведено во претходната точка од овој одговор.

12. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.3.3** од Нацрт извештајот, кој се однесува на евидентирани побарувања од правни лица во вкупен износ од 3.291 илјади денари, кои потекнуваат од минати години и за кои не беше презентирана соодветна документација заради потврда на искажаната сметководствена вредност на побарувањата, **не се прифаќа,** поради недоставена дополнителна документација за промена на наодот. Субјектот известува дека ќе преземат обврска за дополнителна анализа во наредниот период.

13. Забелешките – коментарот на наодите во **точка 4.3.4, 4.3.5 алинеја 1 и 2 и 4.3.6** од Нацрт извештајот, кои се однесуваат на нереално и необјективно искажани побарувања од купувачите во странство, побарувања од поврзани

друштва и сомнителни и спорни побарувања во трговските книги со 31.12.2011 година, со посебен акцент на побарувањата од Еуроконтрол, претставува **известување** дека субјектот ќе спроведе детални испитувања на податоците во сметководствената евиденција за побарувањата од Еуроконтрол, со преземање обврска за сведување на истите на реални побарувања.

14. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.3.5 алинеа 3** од Нацрт извештајот, кој се однесува на непреземени навремени активности од страна на АЦВ по барањето на надлежниот суд за дополнителни информации во врска со барањето за поведување на прекршочна постапка за наплата на глоба од физички лица и правно лице, **не се прифаќа**, поради дадено образложение од субјектот кое не одговара на утврдената состојба во наодот, ниту пак е доставена дополнителна документација.

15. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.3.6** од Нацрт извештајот, кој се однесува на искажани сомнителни и спорни побарувања преку вредносно усогласување на побарувањата од купувачи за кои во најголем дел се водени судски постапки пред надлежен суд, пред издвојувањето на М-НАВ од АЦВ, претставува **известување,** дека ќе се преземат активности за обезбедување на тековни состојби на фирмите во Централниот регистар, а по утврдувањето на релевантни докази ќе се донесат одлуки за спроведување на соодветна евиденција.

16. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.3.7** од Нацрт извештајот, кој се однесува на искажани побарувања за дадени аванси, без проверка и обезбедување на соодветни и компетентни докази за нивното постоење односно можност за нивна наплата во идниот период, **не се прифаќа**, поради тоа што образложението што е дадено од субјектот е внесено како текст во самиот наод, без доставување на дополнителна документација за промена на истиот.

17. Забелешките – коментарот на наодот во **точка 4.4.1** од Нацрт извештајот, кој се однесува на исплатени средства на вработените од нето добивката остварена со годишната сметка за 2010 година, врз основа на одлука од УО и решение на директорот, **не се прифаќаат,** поради тоа што во коментарот на субјектот се дава образложение со посочување на документи и законски прописи кои ревизијата ги имаше во предвид и по кои детално во текстот на наодот се произнесе за нивната содржина со наведување на причините поради кои постои ненаменска исплата на средства.

18. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.4.2** од Нацрт извештајот, кој се однесува на непреземени мерки и активности за исплатените средства на одделни вработени во АЦВ, по основ на неправилно исплатен воздухопловен додаток во ноември и декември 2010 година, претставува **известување,** за преземени активности од страна на субјектот без приложена соодветна документација за потврда на наведеното во текстот.

19. Забелешката – коментарот на наодот во **точка 4.4.3** од Нацрт извештајот, кој се однесува на исплатена плата во полн износ на 3 лица кои немаат добиено времено решение за инспекторско овластување, наместо да се исплатува 80% од основната плата на соодветното работно место, **претставува известување** од страна на одговорното лица на АЦВ за формирање на комисија за исправање на недостатоците согласно законот за работни односи како и продолжување на постапката во 2012 година, поради што овластениот државен ревизор во Конечниот извештај не дава препорака.

20. На обелоденувањата дадени во делот на нагласување на прашања за неизвесност или континуитет **точка 6.1, 6.2 и 6.3**, кои се однесуваат на Сметководствената рамка и Статусот и начинот на финансирање на АЦВ, субјектот дава одредени **појаснувања** и упатува на одредени прописи кои ревизијата ги имаше во предвид во текот на ревизијата и на чија основа се изнесени обелоденувањата во ова поглавие од ревизорскиот извештај. Самиот факт дека се работи за даден ваков третман на одредени недоречености и неусогласености кои призлегуваат од донесени законски прописи, подзаконски акти, договори, одлуки и заклучоци, и нивната примена, во кои се вклучени повеќе надлежни институции вклучувајќи ја и АЦВ, ревизијата имаше обврска да ги истакне во овој дел од ревизорскиот извештај. Причината за тоа е што, најголем дел од наведеното, се однесува за натамошното функционирање и работење на АЦВ и заради реално и објективно прикажување на податоците во финансиските извештаи на АЦВ во наредниот период, согласно законските прописи кои важат во Република Македонија.